Библиски лекции



# ПАВЛОВОТО ЕВАНГЕЛИЕ ДО
# Коринтјаните

Година 98. Број 2
**Април - Јуни 2022**

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| 1. Единство во различноста | 5 |
| 2. Поделби во Црквата | 10 |
| 3. Неморал во црквата | 15 |
| 4. Тужби меѓу браќата | 20 |
| 5. Начела во врска со бракот | 26 |
| 6. Поуки од историјата на Израел | 31 |
| 7. Обредот Света вечера | 36 |
| 8. Да ги цениме нашите предности | 41 |
| 9. „Уште подобар пат“ | 46 |
| 10. Духовни дарови | 52 |
| 11. „Благодат и мир“ | 57 |
| 12. Новозаветна служба | 62 |
| 13. Христови пратеници | 67 |


„Библиската поука не треба да се проучува со фрлање на еден брз поглед врз нејзиниот текст во сабота наутро, туку поуката за следната седмица треба внимателно да се проучи во сабота попладне, а потоа секојдневно да се повторува и расветлува во текот на седмицата. Така поуката ќе се вреже во нашата меморија како богатство кое никогаш нема целосно да се загуби“. - Воспитување 251.252.


Издава: Seventh Day Reform Movement General Conference, Sabbath School Department, Hollins Road, Roanoke, Virginia 24019 – 5048, USA
За Македонија: Реформно движење на адвентистите на седмиот ден, 1300 Куманово, Моша Пијаде 85. Телефон: 076/466-322; e-mail: info@rdasd.mk: Web: www.rdasd.mk
Во цитираните библиски стихови користени се следните преводи: Библија (Библиско здружение 2006) и Библија (превод Д-р/Др Душан Х. Константинов).
Одговорен уредник: Часлав Дичевски

Година XCVIII Број 2


Библиските лекции претставуваат програма за секојдневно тематско проучување на Божјото Слово, засновани само на Библијата и Духот на пророштвото, без додатни коментари. Прашањата се така формулирани што овозможуваат директен и концизен одговор. Зборовите во заграда се додадени поради појасно разбирање на контекстот и потечно читање. Проучувањето на дадените теми со помош на цитираните дела е мошне препорачливо.

# Предговор

„Во текот на овој квартал, учениците на саботната школа ширум светот ќе го проучуваат Павловото евангелие откриено во неговите посланија до Коринтјаните.

Повремено, Павле работел сам на своите мисионерски патувања. По неговата посета на Атина, околу 51. година од новата ера, тој пристигнал во Коринт, напредниот центар на управување и трговија на римската провинција Ахаја. Овој раздвижен град во тоа време бил пет пати поголем од Атина. Неговите улици биле полни со Грци, Евреи, Римјани и патници кои биле желни за трговија и задоволство, не размислувајќи или грижејќи се многу за она што е над земното. Овој град бил речиси целосно препуштен на идолопоклонство, особено на сетилните задоволства.

Додека престојувал во овој град на странци, Павле се издржувал со физичка работа, за да не може никој погрешно да ги протолкува неговите мотиви во проповедањето на Евангелието. Таму се сретнал со двајца христијански верници, Акила и Прискила, соработници во изработка на шатори кај кои престојувал (Дела 18:1-3). Тој работел цел ден, а ноќе поучувал и „се расправаше по синагогите секоја сабота и ги победуваше Евреите и Грците“ (Дела 18:4).

Какви аргументи користел Павле за да придобие души во Коринт? Во Атина, тој користел разработени аргументи со логика и наука за да ги привлече интелектуалните умови на овој софистициран центар на уметноста и науката - но без ефектот што тој го сакал. Затоа, за разлика од тоа, објаснувајќи го својот пристап кон Коринтјаните, тој сведочел: „И јас, браќа, кога дојдов кај вас, не дојдов да ви го соопштам Божјото сведоштво со возвишена беседа или мудрост, бидејќи бев решил да не знам меѓу вас ништо друго освен за Исус Христос, и тоа - Распнатиот. И јас пристапив меѓу вас со немоќ, и страв, и со голема растреперeност. И словото мое, и проповедта моја, не се состоеше од уверливи зборови на човечка мудрост, туку во покажувањето на Духот и силата, та верата ваша да не почива на човечката мудрост, туку на силата Божја“ (1 Коринтјаните 2:1-5).

Зошто оваа тема би ни била корисна денес? Интересно е што филозофијата и начинот на живот во Коринт се многу слични со оние кои преовладуваат во нашето општество. Зарем луѓето денес не се „себељубиви... повеќе сластољубиви отколку богољубиви, на изглед побожни, а од силата на Бога се одрекле. И од нив бегај“ (2. Тимотеј 3:2,4,5)? Во Коринт, навиките и обичаите на грчката култура биле вткаени во главите на луѓето, а одвратните, неморални практики спротивни на јудео-христијанските норми на однесување биле широко распространети. Народот требало да биде поучен и целосно втемелен во чистите, неизвалкани вистини за Христа и тоа распнатиот - како што и сите ние правиме денес.

Имајќи го ова на ум, нашата молитва е учениците на саботната школа ширум светот да бидат зајакнати и благословени со изучувањето на овие важни лекции!

*Оддел на Генералната конференција за Саботна школа*

# Дар во првата сабота за централата на Чилеанската унија




Прекрасната земја Чиле, опкружена со импресивниот планински венец на Андите, е најголемиот светски производител на бакар. Таа исто така извезува и разни други минерали, дрво, овошје и слично.

19.236.858 жители на Чиле се благословени со широката религиска слобода. Иако 70% од населението се декларираат како католици, оваа бројка се намалува. Во 1925. година, Католичката црква беше одвоена од државата, со што престана да биде признаена како официјална државна религија.

Чиле ја прими евангелската порака на Реформното движење од соседната Аргентина преку преминот Мендоза/Лос Андес во 1930. година. Оттогаш делото континуирано се шири со самоодрекување и без прекин. Денес, РДАСД е застапено во повеќето чилеански региони, со пастири и работници стратешки распоредени долж нејзината територија.

Да се потсетиме дека „(Бог) и денеска, исто како и во старо време, бара да се почитува редот и систематското уредување при водењето на црковните работи. Тој сака неговото дело да се извршува темелно и исправно за да може да му стави печат на свое одобрување. Христијанинот мора да се соедини со христијанинот, црквата со црква, човечкото орудие мора да соработува со божественото, секоја делотворна сила во црквата мора да му се потчинува на влијанието на Светиот Дух за сите заедно, со здружени сили, да му објавуваат на светот добри вести за Божјата милост“. – *Делата на апостолите, 69.*

Централата на Чилеанската унија се наоѓа во рурално подрачје што го опкружува градот Линарес, околу 190 милји (305 км) јужно од главниот град Сантијаго. Таму имаме голема парцела и пространи простории кои се дизајнирани за да овозможат големи состаноци. Таму се одржуваат семинари, конференции, кампови и здравствени активности со професионална пракса за природно лекување. Со голема жртва, работата на изградбата на овој објект еволуираше со текот на годините, но овој проект не можеше целосно да се заврши. Ова во голема мера се должи на фактот дека живееме во земја со високо сеизмичка активност, која бара дополнителна претпазливост и насочување на ресурсите кон различни делови на територијата за да се санираат штетите предизвикани од земјотреси. Затоа, апелираме до нашите драги браќа и сестри и пријатели ширум светот, љубезно да ни помогнат со нивните донации за да го завршиме овој важен проект. Сигурни сме дека со вашата дарежлива соработка ќе ја постигнеме нашата цел и со тоа ќе го зајакнеме нашиот капацитет за евангелизација. Бог да ве благослови изобилно!

***Вашите браќа од Чилеанската унија***

# Единство во различноста

**„За да бидат сите едно, како што си Ти, Оче, во Мене, и Јас во Тебе; па така и тие да бидат во Нас едно, и да поверува светот дека Ти си Ме пратил“ (Јован 17:21).**

„Проповедањето на евангелието требало да се прошири на цел свет и гласниците на крстот не можеле да се надеваат дека ќе ја извршат својата значајна мисија ако другите не бидат соединети со врските на христијанското единство, покажувајќи му со тоа на светот дека се соединети со Христа во Бога“. – *Делата на апостолите, 90.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Evangelism, pp. 98–107.*

Недела 27. март

## 1. ОДГОВОР НА ХРИСТОВАТА МОЛИТВА

**а. Која посебна молба Христос му упатил на својот Отец во Својата посредничка молитва? Јован 17:11,14,21-23.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

**б. Кој е пресудниот услов за да се постигне единство меѓу браќата? Исаија 45:22; Евреите 12:1,2.**

„Нивниот духовен живот и сила зависеле од тесната поврзаност со Оној кој им дал налог да го проповедаат евангелието.

Само целосно соединети со Христа учениците можеле да очекуваат да ги придружува сила на Светиот Дух и небесните ангели да соработуваат со нив“. – *Делата на апостолите, 90,91.*

„Ние треба да бидеме како едно, и за ова свето единство треба да размислуваме и да го негуваме во црквата Божја, а стремежот на секој од нас треба да биде исполнување на Христовата молитва. Ние треба да ја истераме секоја зла мисла кон нашите браќа“. – *The Review and Herald, August 16, 1892.*

## 2. НАДМИНУВАЊЕ НА ПОДЕЛБИТЕ

**а. Како да ги надминеме поделбите во семејството и црквата? Јован 15:4.**

______________________________________________________________________

„Одвојувањето од Христа е причина за поделба и раздор во семејството и црквата. Приближете се еден кон друг. Тајната на вистинското единство во црквата и во семејството не се постигнува ниту со дипломатија, ниту со господарење, ниту со вложување на натчовечки напори за отстранување на тешкотиите иако треба и тоа често да се направи туку во заедница со Христа.

Замислете еден голем круг, од чии рабови одат прави кон средината. Колку тие прави повеќе се приближуваат, толку се поблиску една до друга.

Така е и во христијанскиот живот. Колку повеќе се приближуваме до Христа, толку ќе бидеме поблиски еден до друг. Бог се прославува, кога Неговиот народ се соединува во заедничка работа“. – *Адвентен дом, 179.*

**б. Како можеме да гледаме на Христа додека Тој посредува за нас во небесното светилиште? Јован 5:39,40; 17:3.**

„Оној кој со сето срце настојува да му служи на Бога, наоѓа можности да сведочи за Него. Тешкотиите се немоќни да го спречат оној кој решил пред сè друго да го бара Божјото царство и Неговата правда. Во силата што ја стекнува верникот со молитва и со проучување на Божјата реч, тој се стреми кон доблестите и се откажува од пороците. Насочувајќи ги очите кон Исуса, кој ја почнува и ја усовршува верата, кој поднел толку големо противење од страна на грешниците - верникот радо се изложува на презир и потсмев. А помош и милост, доволна во сите околности, му ветува Оној чијшто збор е вечна вистина. Неговите, секогаш сигурни раце, цврсто ја држат во своите прегратки душата која му се обраќа за помош. Свесни за Неговата грижа за нас, можеме да бидеме сигурни и спокојно да кажеме: ‘Во денот кога страв ме обзеде, јас тебе ти се доверувам’ (Псалм 56:3). На сите што се надеваат во Него, Бог им ги исполнува своите ветувања“. – *Делата на апостолите, 467.*

„Само преку познавање на Христа можеме да го спознаеме Бога. Оној што е испратен од Бога ги повикува сите да ги слушаат овие зборови. Тоа се Божји зборови и сите треба да обратат внимание на нив; бидејќи ќе бидат судени според нив. Спасоносното знаење за Христа значи да се биде оживеан со духовно знаење, да ги извршува Неговите зборови. Без ова, сè друго е безвредно“. – *The Signs of the Times, January 27, 1898.*

## 3. СИЛАТА НА БОЖЈАТА РЕЧ

**а. Како настанале небото и земјата? Псалм 33:6,9.**

______________________________________________________________________

„Во создавањето на нашиот свет, Бог не зависел од некоја претходно постоечка супстанција или материја. Затоа што ‘од невидливото произлегло видливото’. Напротив, сè што постои, материјално или духовно, се појавило од ништо пред Господ Јехова на Негова заповед и било создадено за Негова сопствена цел. Небесата и сета нивна војска, земјата и сè што е на неа, не се само дело на Неговата рака, туку се создадени со здивот на Неговата уста“. – *Selected Messages, bk. 3, p. 312.*

**б. Објаснете го начинот на кој Бог нè претвора во ново суштество. Јован 6:63.**

______________________________________________________________________

„Примена во душата, Божјата Реч ги обликува мислите и влијае на развојот на карактерот.

Гледајќи постојано на Исуса со окото на верата ние стануваме посилни. Бог ќе му даде најдрагоцени откровенија на својот гладен и жеден народ. Таквиот ќе увиди дека Христос е личен Спасител. Кога се хранат со Неговата реч, луѓето увидуваат дека таа е дух и живот. Речта ја уништува вродената земна природа и дава нов живот во Исуса Христа. Светиот Дух доаѓа како Утешител на душата. Со помош на Неговата благодат што преобразува, во ученикот се репродуцира Божјиот лик и тој станува ново создание. Љубовта доаѓа на местото на омразата, а срцето станува слично на Бога. Тоа значи да се живее ‘од секој збор што излегува од Божјата уста’. Тоа значи да се јаде Лебот што слегува од Небото“. – *Копнежот на вековите, 391.*

**в. Како треба да ја проучуваме Божјата Реч? Јован 6:53-58.**

„Треба внимателно да ја проучуваме Библијата, молејќи му се на Бога со помош на Светиот Дух да можеме да ја разбереме Неговата Реч. Треба да земеме еден стих и да ги насочиме мислите, трудејќи се да ја пронајдеме смислата што Бог ја ставил за нас во него. Треба да размислуваме за таа мисла, сè додека таа не стане наша сопствена мисла и ние не дознаеме ‘што говори Господ’“. – *Копнежот на вековите, 390.*

## 4. ГЛЕДАЊЕ НА ИСУСА ПРЕКУ МОЛИТВА

**а. Наведете примери кои покажуваат колку често Исус се молел во тајност - и што треба да научиме од тоа. Марко 1:35; 6:45,46.**

„И самиот Исус, додека живеел меѓу луѓето, често одел на молитва. Нашиот Спасител се изедначил со нас во нашите потреби и слабости и така станал понизен и сесрден молител, кој од Својот Отец барал нова сила за да може да тргне понатаму, оспособен и за должноста и за искушението. Тој е наш пример во сè. Тој ни е брат во нашите слабости ‘искушан во сè како и ние’; но, како безгрешен, Неговата природа се гнасела од гревот; Тој претрпел душевни борби и страдања во светот полн со грев. Како човек, молитвата ја сметал како своја потреба и предност. Тој во разговор со Својот Отец наоѓал утеха и радост. Значи ако Спасителот на луѓето, Божјиот Син, чувствувал потреба за молитва, колку повеќе слабите и грешни смртници би морале да бидат свесни за неопходноста од сесрдна, постојана молитва“. – *Патот кон Христа, 93,94.*

**б. Што читаме за побожниот живот на пророкот Даниел? Даниел 6:10. Што можеме да кажеме за царот Давид? Псалм 119:62,145,147,148.**

„Даниел бил човек на молитва, и Бог му подарил мудрост и цврстина да се спротивстави на секое влијание на оние кои се обидувале да го вовлечат во замката на неумереноста. Уште во младоста тој бил морален џин во силата на Семоќниот. Подоцна кога била издаден декрет секој што ќе му се помоли на кој било Бог или човек, освен на царот, во рок од триесет дена, ќе биде фрлен во лавовска јама, Даниел со цврст, непоколеблив чекор отишол во својата соба и се молел гласно три пати на ден покрај отворените прозорци, како што правел порано. Затоа бил фрлен во лавовска јама; но Бог ги испратил своите ангели да го чуваат неговиот слуга“. – *The Signs of the Times, August 14, 1884.*

„Даниел знаел дека Богот на Израел мора да биде почестен пред вавилонската нација. Тој знаел дека ниту царот ниту кнезовите немаат право да застанат меѓу него и неговата должност кон својот Бог. Тој мора храбро да ги одржува своите верски начела пред сите луѓе, зашто тој бил Божји сведок. Затоа се молел, според својот обичај, како да не бил издаден декрет“. – *The Youth’s Instructor, November 1, 1900.*

„Вистинската молитва ги придвижува сите духовни сили и влијае на животот. Оној кој на тој начин ги излева своите потреби пред Бога, чувствува колку сè друго под небото е празнина“. – *Gospel Workers (1892), p. 36.*

Четврток 31. март

## 5. МОЛИТВАТА, СУШТИНСКО СРЕДСТВО НА МИЛОСТА

**а. Колку често треба да се молиме? 1 Солуњаните 5:17; Лука 21:36.**

____________________________________________________________________________

„Молитвата е отворање на срцето пред Бога како на пријател. Не затоа што би било неопходно да му откриеме што сме, туку да се оспособиме себеси да Го примиме. Молитвата не го симнува Бога кај нас, туку нас нè воздигнува кај Него.

Во текот на својот престој на Земјата, Исус ги учел своите ученици како да се молат. Тој ги упатувал сите свои секојдневни потреби да му ги изнесат на Бога, сите свои грижи да му ги предадат Нему. Ветувањето што им го дал дека ќе им бидат услишени нивните молитви, ни го дал и нам“. – *Патот кон Христа, 93.*

**б. Што им е ветено на оние кои искрено го бараат Господа? Матеј 7:7-11; Псалм 145:18,19.**

„Друг елемент на успешна молитва е верата. ‘Оној што сака да дојде кај Бога, мора да верува дека постои Бог и дека ги наградува оние што го бараат’ (Евреите 11:6). Исус им рекол на своите ученици: ‘Сè што барате во својата молитва верувајте дека ќе примите и ќе ви биде’ (Марко 11:24). Дали го држиме за збор?...

Кога изгледа дека молитвите не ни се примени, мораме да се држиме за ветувањето; бидејќи времето за исполнување сигурно ќе дојде и ние ќе го примиме благословот кој ни е најпотребен“. – *Патот кон Христа, 96.*

**в. Под кои услови Бог одговара на нашите молитви? Јован 15:7; 1 Јованово 5:14,15.**

Петок 1. април

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како може мојот став да биде пречка за евангелскиот успех во мојата црква?**
2. **Како можам да го отворам патот за поголема хармонија со моите браќа?**
3. **Зошто Божјата реч е толку моќна во менувањето на животите?**
4. **Опишете го интензитетот на молитвениот живот на Исус, Даниел и Давид.**
5. **Што можам да направам за да го променам квалитетот на мојот молитвен живот?**

# Поделби во Црквата

**„Браќа, ве молам во името на нашиот Господ Исус Христос, сите вие да зборувате исто, и меѓу вас да нема раздори, туку да бидете совршено соединети во еден ум и во исто мислење“ (1 Коринтјаните 1:10).**

„Христос предводи еден народ, доведувајќи ги неговите припадници до единство во верата, да бидат едно како што е Тој едно со својот Отец. Разликите во мислењата мора да се напуштат, за во црквата сите да бидат единствени, имајќи еден дух и едно расудување“. – *1 Сведоштво, 324*.

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Делата на апостолите, 278,279,298-304.*

Недела 3. април

## 1. СЕРИОЗНИ ПОДЕЛБИ ВО КОРИНТ

**а. Какви вознемирувачки вести добил Павле од црквата во Коринт? 1 Коринтјаните 1:11,12.**

„Павле кај нив се распрашал за вистинската тамошна ситуација и тие му кажале дека црквата е растргната од неслога. Несогласувањата што се појавиле уште во времето на посетата на Аполо многу се рашириле. Лажните учители ги наведувале верниците да ги презираат упатствата на Павле. Верските обичаи и учењата на евангелијата биле изопачени. Меѓу оние што некогаш биле ревносни христијани, сè повеќе земале мав горделивоста, идолопоклонството и оддавањето на сетилните задоволства“. – *Делата на апостолите, 300.*

**б. Како Господ гледа на оние кои предизвикуваат поделби во црквата? Изреки 6:16-19; Римјаните 16:17,18.**

„Во сите векови на овој свет, имало луѓе кои мислеле дека треба да извршат одредена работа за Господа, и не покажувале почит кон оние кои Бог ги употребил како свое орудие. Тие не го применуваат Светото Писмо правилно; туку го изврстуваат Писмото за да ги поддржат своите идеи*“. – This Day With God, p. 172.*

## 2. РЕШЕНИЕ ЗА ПОДЕЛБИ

**а. Какво решение им понудил Павле на верниците во Коринт кои биле поделени? 1 Коринтјаните 1:17,18.**

______________________________________________________________________________

„Проповедањето на евангелието требало да се прошири на цел свет и гласниците на крстот не можеле да се надеваат дека ќе ја извршат својата значајна мисија ако другите не бидат соединети со врските на христијанското единство, покажувајќи му со тоа на светот дека се соединети со Христа во Бога". – *Делата на апостолите, 90.*

**б. Што рекол Павле за крстот Христов? 1 Коринтјаните 1:18-24.**

______________________________________________________________________________

„Крстот на Голгота привлекува со својата сила, давајќи ни причина зошто сега треба да го сакаме Христа и да го сметаме за прв, последен и најдобар во сè. Треба да го заземеме своето место во понизно покајание во подножјето на крстот. Можеме да ги научиме поуките за кротоста и понизноста на умот додека се искачуваме на Голгота и, гледајќи на крстот, го посматраме нашиот Спасител во агонија, Синот Божји како умира, Праведникот за неправедните... Гледај, о, погледни го крстот на Голгота; погледнете ја царската жртва која страда за вас". – *That I May Know Him, p. 65.*

**в. Во што ја видел Павле својата слава? Галатјаните 6:14.**

„Синот Божји морал да умре за гревовите што ги направил Павле; крвта пролеана на крстот била пролеана за него, за да го спаси од вечно уништување. Скапоцена Христова крв имала таква вредност што можела да изврши целосно помирување за виновната душа, и во тоа Павле ја видел својата 'слава'. Токму преку крвта Христова тој добил откуп, дури и простување на гревовите". – *The Signs of the Times, November 24, 1890.*

„Со помош на крстот ние дознаваме дека нас небесниот Отец нè сака со бескрајна љубов. Можеме ли да се чудиме што Павле извикнал: 'А мене, да не ми даде Господ да се фалам со ништо друго, освен со крстот на нашиот Господ Исус Христос' (Галатјаните 6:14). Наше предимство исто така е што можеме да се фалиме со крстот и наполно да му се предадеме на Оној кој се дал себеси за нас. И тогаш, додека нè осветлува светлината што блескоти од Голгота, истата можеме да им ја откриваме и на оние кои сè уште се наоѓаат во темнина". – *Делата на апостолите, 210.*

## 3. БОЖЈАТА МУДРОСТ НАСПРОТИ СВЕТОВНАТА МУДРОСТ

**а. Која е главната цел на повеќето луѓе? Еремија 9:23. Спротивно на тоа, која е Божјата намера за сите нас? Еремија 9:24.**

**б. Како Павле јасно прави јасен контраст помеѓу човечката „мудрост“ и божествената мудрост? 1 Коринтјаните 1:20-25.**

„Со таков водач - ангел протеран од небото - овие наводно мудри луѓе на земјата можат да смислат волшебни теории кои ќе ги маѓепсат умовите на луѓето. Павле ги прашал Галатјаните: ‘Кој ве маѓепса та не се покорувате на вистината?’ Умот на сатаната е извонредно вешт и со помош на своите избрани агенти тој работи да ги воздигне луѓето и да ги облече во чест поголема од онаа што му припаѓа на Бога. Но, Бог е облечен во сила; Тој е во состојба да го промени карактерот на оние што се мртви во престапот и гревот и со дејството на истиот Дух кој го воскреснал Исуса од мртвите, да го преобрази човечкиот карактер, враќајќи и го на душата изгубениот лик Божји. Оние кои веруваат во Исус Христос се менуваат од бунтовници против Божјиот закон во послушни слуги и поданици на Неговото царство. Тие се повторно родени, обновени, и просветлени преку вистината. Скептикот не ја признава оваа Божја сила и ги отфрла сите докази понудени на неговото ограничено разбирање. Тој дури се осмелува да го отфрли Божјиот закон и да постави ограничување на Јеховината сила. Но Бог рекол: ‘Каде е мудрецот? Каде е книжникот? Каде е препирачот од овој век? Не ја претвори ли Бог мудроста на овој свет во лудост? Зашто светот при мудроста Божја не Го позна Бога со мудрост; Бог благоволи со безумието на проповедта да ги спаси оние што веруваат. Зашто Јудејците сакаат знаци, а Елините бараат мудрост, ние, пак, Го проповедаме Христос распнатиот, Кој е за Јудејците соблазна, а за незнабошците безумие; за повиканите, пак, како Јудејци, така и Елини, Христос Божја сила и Божја мудрост’ (1 Коринтјаните 1:20-24)“. – *Fundamentals of Christian Education, pp. 332, 333.*

**в. Како единствено можеме да ја пронајдеме вистинската мудрост? 1 Коринтјаните 1:30,31; Колосјаните 2:3.**

„Во Христа се ‘скриени сите сокровишта на мудроста и знаењето’ (Колосјаните 2:3). Тој ни ‘стана мудрост од Бога, и праведност, и осветување, и откуп’ (1. Коринтјаните 1:30). Сѐ што може да ги задоволи потребите и копнежите на човечката душа и на овој свет и на светот што доаѓа, се наоѓа во Христа. Нашиот Откупител е бисер, кој е толку драгоцен, што во споредба со него сѐ друго може да се смета за загуба“. – *Христовите поуки, 115.*

## 4. НАЧЕЛО НА ВИСТИНСКАТА МУДРОСТ

**а. Кое е основното начело на божествената мудрост? Изреки 1:7.**

„Една реченица од Светото Писмо е од поголема вредност отколку десет илјади човечки идеи или аргументи. На оние кои одбиваат да одат по Божјите патишта, на крајот ќе им бидат упатени зборовите: ‘Бегајте од Мене.’ Меѓутоа, кога ѝ се потчинуваме на Божјата волја, Господ Исус управува со нашиот ум и им дава убедливост на нашите зборови. Можеме да бидеме силни во Господа и во Неговата сила. Прифаќајќи го Христа, ние се облекуваме со сила. Ако Спасителот живее во нас, Неговата сила станува наша своина. Вистината станува наш капитал во трговијата. Тогаш во животот нема да се види неправедност. Тогаш сме во состојба да зборуваме благовремени зборови на надеж на оние кои не ја познаваат вистината. Христовото присуство во срцето е моќ која дава живот, која го засилува целото битие“. – *7 Сведоштво, 71.*

**б. Како Исус (тука наречен Мудрост) го предупредува секој од нас да обрне внимание на Неговите молби? Изреки 1:20-23.**

„Спасителот на светот им нуди на заблудените дар на вечен живот. Одѕивот на понудата на својата љубов и простување Тој го очекува со сочувство понежно од љубовта која го поттикнува земниот родител да му прости на својот самоволен и несреќен, но покајнички син. Оние кои талкаат, Тој ги повикува: ‘Вратете се кај Мене и Јас ќе се вратам кај вас’. Ако грешникот упорно одбива да го послуша гласот на милоста кој го повикува со толку нежно сочувство и љубов, неговата душа ќе биде препуштена да остане во темнина. Ако, занемарувајќи ги сите дадени прилики, упорно продолжи по својот лош пат, Божјиот гнев ќе го снајде тогаш кога тоа воопшто нема да го очекува“. – *4 Сведоштво, 207,208.*

**в. Како мудроста (Исус) им се обраќа на децата и младите? Изреки 2:1-6.**

„Никој не може да го истражува Писмото во Христовиот Дух без да биде награден. Кога човекот е подготвен да биде поучен како мало дете, кога целосно ќе му се покори на Бога, тогаш тој ќе ја најде вистината во Божјата реч. Ако луѓето се послушни, тие ќе го разберат Божјиот план на владеење. Небесниот свет ќе ги отвори одаите на милост и слава за истражување. Човечките суштества би биле многу поразлични отколку што се сега, бидејќи со истражување на рудниците на вистината луѓето би биле облагородени. Тајната на откупот, Христовото воплотување, Неговата посредничка жртва, не би биле како што се сега, нејасни во нашите умови. Тие не само што ќе бидат подобро разбрани, туку и многу повеќе ќе бидат ценети“. – *Христовите поуки, 114.*

Четврток 7. април

## 5. СЛАВА ВО ГОСПОДА

### а. Што е оправдување со вера? Римјаните 3:21-24.

„Кога покајниот грешник, кој се кае пред Бога, ќе сфати дека Христос принел жртва на помирување за него и кога ќе го прифати ова помирување како своја единствена надеж во овој и идниот живот, неговите гревови се простени. Ова е оправдување со вера. Секоја душа која верува треба целосно да ја усогласи својата волја со Божјата волја, и да остане во состојба на покајание и скрушеност, изразувајќи вера во помирувачките заслуги на Искупителот и напредувајќи од сила во сила, од слава во слава“. – *Faith and Works, p. 103.*

„Што е оправдување со вера? - Ова е Божјо дело во полагање на човечката слава во прав, и за него го прави она што човекот не може да го направи за себе. Кога луѓето ќе ја видат својата ништожност, тие се подготвени да се облечат во Христовата праведност. Кога ќе почнат да го фалат и слават Бога по цел ден, тогаш гледајќи се менуваат во истиот лик. Што е повторно раѓање? – Ова е откривање на вистинската природа на човекот, дека сам по себе е безвреден“. – *Special Testimonies for Ministers and Workers, Series A, No. 9, p. 62.*

### б. Како можеме да ја откриеме Божјата слава во нашиот секојдневен живот? 2 Коринтјаните 3:18.

„На коринтските верници им било потребно подлабоко искуство во духовниот живот. Ним не им било сосема јасно што значи да се согледа Неговата слава и да се менува карактерот ‘секогаш сè пославен’. Тие ги виделе само првите зраци на осамнувањето на таа слава. Павле сакал тие да бидат исполнети со секоја Божја полнота, да го запознаат Оној чиишто излези се како зора и да учат од него сè додека не ја досегнат комплетната светлина и совршенството на евангелската вера“. – *Делата на апостолите, 307,308.*

Петок 8. април

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Какво предупредување и јас треба да разгледам, имајќи ги на ум поделбите што постоеле во Коринт?**
2. **Наведете неколку клучни точки што треба да ги сфатиме во врска со крстот.**
3. **Објаснете ја опасноста од поголемото фокусирање на човечката мудрост отколку на Божјата.**
4. **Зошто Божјата мудрост е толку неизмерно драгоцена?**
5. **Опишете ја славата која треба да зрачи од Божјиот народ.**

# Неморал во црквата

**„Не лажете се: ни блудниците, ниту идолопоклониците, ни ракоблудците, ни мажеложниците, ниту крадците, ни користољупците, ни пијаниците, ниту хулниците, ни разбојниците нема да го наследат царството Божјо“ (1 Коринтјаните 6:9,10).**

„Како може некој кој ја има драгоцената, свечена порака за ова време да се препушти на нечисти мисли и безбожни дела, кога знае дека Оној кој никогаш не дреме и никогаш не спие, ја гледа секоја постапка и ја чита секоја мисла на умот? О, токму поради тоа што во Божјиот народ се наоѓа беззаконието, Тој може да направи толку малку за нив*“. – Testimonies to Ministers, pp. 430, 431.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Lift Him Up, p. 297.*

Недела 10. април

## 1. МОРАЛНАТА СОСТОЈБА НА СВЕТОТ

### а. Каква тажна слика прикажува Павле за последните денови? 2 Тимотеј 3:1-5.

„Беззаконието кое преовладува не е ограничено само на неверниците и потсмевачите. Би сакала да е така, но не е. Грешат многу мажи и жени кои ја исповедаат Христовата вера. Дури и некои кои тврдат дека го очекуваат Христовото доаѓање не се поподготвени за овој настан од самиот сатана. Тие не се чистат од сета нечистотија. Тие толку многу им се препуштиле на своите желби што е природно нивните мисли да бидат нечисти, а нивната имагинација да биде расипана“*. – Counsels on Health, p. 615.*

### б. Кој ќе може да го види Бога, благодарение на Неговата прекрасна милост? Матеј 5:8.

„Но Исусовите зборови: ‘Блажени се чистите по срце’ имаат едно подлабоко значење. Не станува збор само за чисто срце во онаа смисла во која светот ја сфаќа чистотата, имено да биде слободен од сѐ што е сетилно, неизвалкан со телесните уживања, туку да биде искрен и во најскриените намери и мотиви на срцето, без гордост и самољубие, скромен, несебичен, сличен на дете*“. – Мисли од горoccата, 25.*

## 2. КОРИНТ

**а. Колку бил озлогласен градот Коринт во однос на моралот?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Уште од почеток на својата работа на тој крстопат Павле на сите страни гледал сериозни пречки за напредок на своето дело. Населението речиси без исклучок било оддадено на идолопоклонство. Венера била омилена божица, а со обожавањето на Венера биле поврзани многу неморални обреди и церемонии. Коринтјаните дури и меѓу незнабошците се истакнувале со својот длабок неморал. Тие не мислеле ниту пак се грижеле за нешто друго освен за моментните задоволства и забави.“ – *Делата на апостолите, 243,244.*

**б. Колку сериозно била погодена црквата во Коринт од незнабожечката средина? 1 Коринтјаните 5:1,2.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Меѓутоа, по заминувањето на Павле, настапиле неповолни околности. Среде пченицата се појавил какол што го посеал непријателот и набргу тоа донело лош плод. Тоа било тешко време на искушение за коринтската црква. Апостолот не бил веќе меѓу нив да ги поттикнува кон ревност и да им помага при настојувањето да живеат сообразно со Божјата волја. Тие постепено станале безгрижни и рамнодушни и дозволиле со нив да завладеат вкусот и телесните склоности. Оној, кој толку често ги повикувал да ги прифатат возвишените идеали на чистотата и чесноста, не бил веќе меѓу нив, и голем број од верниците кои во времето кога се обратиле ги отфрлиле лошите навики, сега се вратиле на понижувачките гревови на незнабоштвото.“ – *Делата на апостолите, 299,300.*

**в. Што изјавил апостол Павле за неморалниот човек — и како ја изнел причината за исклучување од црковната заедница на оној кој отворено греши? 1 Коринтјаните 5:3-8.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Павле концизно ѝ пишал на црквата опоменувајќи ги верниците да не се дружат со оние кои живеат разуздано и растурливо, но многу верници ја изопачиле смислата на неговата порака, си се играле со зборовите и изнаоѓале оправдување што не го прифатиле даденото упатство“. – *Делата на апостолите, 300.*

## 3. ОДВОЈУВАЊЕТО Е АПСОЛУТНО ПОТРЕБНО

**а. Кој е основниот услов Божјите деца да бидат ослободени од моралната изопаченост? 2 Коринтјаните 6:14-18. Во исто време, како можеме да допреме до луѓето со Христовото евангелие?**

„Со тоа што се дружеле со идолопоклониците и што учествувале во нивните свечености, Евреите биле наведени на престап на Божјиот закон и така навлекле казна врз својот народ. И денеска сатаната има најмногу успех кога ги мами Христовите следбеници на грев и кога ќе ги наведе да се дружат со грешниците и да уживаат во нивните задоволства. ‘Затоа излезете од нивната средина и одделете се!’ Вели Господ, и ‘Не допирајте се до нечисто, и Јас ќе ве примам’ (2. Коринтјаните 6:17). Бог и денеска бара од својот народ јасно да се разликува од другиот свет во своите навики, во моралот и во начелата, како што го барал тоа во старо време од Израел. Доколку верно се придржува кон неговата наука, таа разлика ќе постои - не може поинаку. Опомените упатени во тоа време до Евреите да не се мешаат со незнабошците, не се ни помалку непосредни и јасни од опомените кои на Христијаните им забрануваат да се прилагодуваат кон духот и обичаите на неверниците. Христос ни порачува: ‘Не љубете го светот и сè што е во него. Ако некој го љуби светот, во него нема љубов од Отецот’ (1. Јованово 2:15). ‘Зашто, кој сака да му е пријател на светот, му станува непријател на Бога’ (Јаков 4:4). Христовите следбеници мора да се изделат од грешниците и нивното друштво да го бараат само како можност да им прават добро. Мораме решително да го одбегнуваме друштвото на оние што се трудат да нè одделат од Бога. И додека ја изговараме молитвата, ‘не воведувај нè во искушение’, треба и сами, колку што можеме да ги одбегнуваме напастите и искушенијата.“ – *Патријарси и пророци, 458,459.*

**б. Кои се Павловите упатства за оние кои живеат во отворен грев во црквата? 1 Коринтјаните 5:9-13.**

„Христовиот пример забранува ексклузивност при Господовата вечера. Вистина е дека јавниот грев го исклучува виновникот. Светиот Дух јасно го учи тоа (1. Коринтјаните 5:11). Меѓутоа, повеќе од тоа никој не смее да изрече суд. Бог не им дозволил на луѓето да одлучуваат за тоа кој треба да присуствува во вакви прилики, зашто кој може да го чита срцето? Кој може да го разликува каколот од житото? ‘Секој нека се испита себеси, па потоа нека јаде од лебот и нека пие од чашата’. Зашто ‘секој што недостојно го јаде овој леб и недостојно ја пие оваа чаша Господова, ќе биде виновен за телото и за крвта Господова’. ‘Зашто кој јаде и пие недостојно, тој го јаде и пие своето осудување, бидејќи не го разликува телото Господово’ (1. Коринтјаните 11:28,27,29).“ – *Копнежот на вековите, 656.*

## 4. ЦРКОВНА ДИСЦИПЛИНА

**а. Кои јасни упатства се дадени во врска грешниците? Изреки 25:8,9; Матеј 18:15.**

„Во справувањето со грешните членови на црквата, Божјиот народ треба внимателно да ги следи упатствата дадени од Спасителот во осумнаесеттото поглавје од Евангелието по Матеј (види Матеј 18:15-18)...

Не кажувај им на другите за грешката. Ако се пренесе на еден човек, ќе дознае и другиот, третиот, гласот ќе се шири и злото ќе се зголемува, додека целата црква не биде засегната. Решете го прашањето ‘меѓу тебе и него’. Ова е Божјиот план...

Не трпи грев на својот брат, но не разоткривај го и со тоа не зголемувајте ги тешкотиите, правејќи го укорот да изгледа како одмазда. Поправете го на начин опишан во Божјата Реч“. – *Gospel Workers, pp. 498, 499.*

„(Матеј 18:15). Ако ги игнорираш Христовите зборови, и одиш во искри што самиот си ги запалил, нема да успееш да ја прикажеш праведноста и ќе паднеш под влијанието на волшебната моќ на сатаната“. – *The Review and Herald, August 16, 1892.*

**б. Ако - и само ако - првиот чекор не успее, кој е следниот чекор во процесот на враќање на членот кој греши? Матеј 18:16.**

„Земете ги со себе оние кои се духовно настроени и разговарајте со престапникот за грешката. Можеби тој ќе попушти пред обединетите апели на неговите браќа. Кога ќе ја види нивната согласност по ова прашање, неговиот ум можеби ќе се просветли“. – *Gospel Workers, p. 500.*

**в. Ако - и само ако - првите два чекори не успеат, кој е следниот чекор во однос на оној што кој греши? Матеј 18:17,18.**

„’Ако, пак, не ги послуша и нив’, што да се прави тогаш? Дали неколку членови на состанокот на одборот треба да ја преземат на себе одговорноста да го исклучат престапникот? ’Ако, пак, не ги послуша и нив, кажи и на црквата’. Нека црквата преземе мерки во однос на нејзините членови...

Ако не го послуша гласот на црквата, ако ги одбие сите напори направени за негово враќање, одговорноста да го одвои од заедништвото ја сноси црквата. Неговото име потоа треба биде избришано од книгите“. – *Gospel Workers, p. 500,501.*

Четврток 14. април

## 5. ЦРКОВНА ДИСЦИПЛИНА (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

**а. Што треба да научиме од начинот на кој Коринтската црква требало отворено и решително да се справи со отворениот престап? 1 Коринтјаните 5:12,13.**

„Сè додека верно не се следат упатствата од Христос, ниту еден црковен службеник не треба да советува, ниту еден одбор не треба да препорача, ниту пак некоја црква треба да гласа името на престапникот да се избрише од црковните книги. Само кога сето ова ќе се запази, црквата ќе биде исправна пред Бога“. – *Gospel Workers, p. 501*.

„Кога секое упатство дадено од Христос ќе се изврши во вистински, христијански дух, тогаш, и само тогаш, небото ја потврдува одлуката на црквата, бидејќи нејзините членови го имаат Христовиот ум и постапуваат како што Тој би постапил доколку би бил на земјата“. – *Selected Messages, bk. 3, p. 22*.

„Кога некои членови на црквата би постапувале како вистински следбеници на кроткиот и понизен Спасител, би имало помалку прикривање и оправдување на гревот. Сите ќе се трудат да живеат како да се во присуство на Бога“. – *5 Сведоштво, 147*.

„Христос јасно учел дека оние кои упорно и отворено грешат, мора да бидат одвоени од црквата, но Тој не ни ја предал нам задачата да ги оценуваме карактерите и побудите на луѓето. Тој премногу добро ја познава нашата природа за да ни ја довери оваа задача. Кога би се обиделе од црквата да ги искорениме оние што ги сметаме за лажни христијани, сигурно ќе направиме грешки. Честопати ги прогласуваме за безнадежни случаи токму оние што Христос сака да ги привлече кон Себе. Кога ние би се справувале со овие души и нивниот случај би го решавале сообразно со нашите несовршени расудувања, можеби би им ја згаснале и последната надеж. Мнозина кои себеси се сметаат за христијани на крај ќе бидат прогласени како лесни. Многумина ќе бидат во рајот за кој соседите претпоставувале дека никогаш нема да влезат. Човекот суди според изгледот, но Бог суди според срцето. Каколот и пченицата треба да растат заедно до жетвата; а жетвата е крај на времето за проверка“. – *Христовите поуки, 71,72*.

Петок 15. април

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Опишете ја длабочината на чистотата што Бог сака да ја всади во секој од нас.**
2. **Зошто мора сериозно да се постапува со отворениот престап на Божјиот закон?**
3. **Која треба да ни биде целта кога се справуваме со грешното однесување?**
4. **Каков треба да биде мојот став и што треба да правам кога ќе видам дека некој прави нешто погрешно?**
5. **Кога е потребна црковна дисциплина и можно исклучување од црквата?**

# Тужби меѓу браќата

**„Не знаете ли дека ангели ќе судиме, а не, пак, она секојдневното“ (1 Коринтјаните 6:3).**

„Светите треба да му судат на светот. Дали тогаш тие треба да се потпрат на светот и неговите адвокати за да ги решат свооите тешкотии? Бог не сака тие да ги носат своите проблеми кај поданиците на непријателот за одлучување. Да имаме доверба еден во друг“. – *Selected Messages, bk. 3, p. 303.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Selected Messages, bk. 3, pp. 299–305.*

Недела 17. април

## 1. СУД НАД ЗЛИТЕ

**a. Кога ќе им се суди на изгубените? Откровение 20:2,4; 2 Петрово 2:4. Кој ќе им суди? 1 Коринтјаните 6:2,3.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„За време на овие илјада години, меѓу првото и второто воскресение, ќе им се суди на грешниците. Апостол Павле укажува на овој суд како на настан што се случува по второто Христово доаѓање. ‘Не судете ништо предвреме, додека не дојде Господ, Кој ќе го изнесе на видело сокриеното во мракот и ќе ги објави намерите на срцата’ (1. Коринтјаните 4:5). Даниел кажува дека, кога ќе дојде Старецот, ќе им го даде судот ‘на светиите од Севишниот’ (Даниел 7:22). Во ова време праведниците ќе владеат како цареви и свештеници на Бога. Јован во Откровението кажува: ‘И видов престоли и седнати на нив, на кои им беше дадено да судат... Ќе бидат свештеници на Бога и ќе царуваат со него илјада години’ (Откровение 20:4,6). Во ова време, како што предвидел Павле, ‘светите ќе го судат светот’ (1. Коринтјаните 6:2). Заедно со Христа тие ќе им судат на грешниците споредувајќи ги нивните дела со Книгата на законот, со Библијата, и ќе го решат случајот на секој поединец според делата што ги направил во животот. Тогаш казната што мора да ја искусат грешниците ќе биде одмерена според нивните дела и запишана покрај нивното име во книгата на смртта“. – *Големата борба, 660*.

## 2. СПОРОВИ МЕЃУ ХРИСТИЈАНИТЕ

**а. Каде треба да се решаваат проблемите во црквата? 1 Коринтјаните 6:4,5.**

___

„Светите треба да му судат на светот. Дали тогаш тие треба да се потпрат на светот и неговите адвокати за да ги решат нивните тешкотии? Бог не сака тие да ги носат своите проблеми кај поданиците на непријателот за одлучување. Да имаме доверба еден во друг". – *Selected Messages, bk. 3, p. 303.*

**б. Што се случило во црквата во Коринт, и што го предизвикало укорот на Павле? 1 Коринтјаните 6:1,2,6. Како Бог гледа на оваа практика?**

___

„Постои взаемна наклонетост меѓу светот и необратените членови на црквата. Некои од нив, кога Бог ги укорува дека сакаат да одат по својот пат, му веруваат на светот и ги ставаат црковните прашања пред светот. Тогаш доаѓа до судири и расправии, а Христос е повторно распнат на крст и посрамен. Оние членови на црквата кои се обраќаат кон светските судови покажуваат дека го избрале светот за свој судија, а нивните имиња се запишани на небото покрај имињата на неверниците. Колку светот со нетрпение ги користи изјавите на оние што ја изневеруваат светата доверба!...

Потпирањето на раката на световните закони претставува срам за христијаните; сепак, ова зло е вкоренето и негувано меѓу избраниот народ Господов. Световните начела потајно навлегуваат во црквата, сè додека во пракса многу од нашите работници не станат како Лаодикијците – со половични срца, затоа што толку многу зависат од адвокатите и правните документи и договори. Таквата состојба на нештата му е одвратна на Бога". – *Selected Messages, bk. 3, p. 302,303.*

**в. Каде можеме да го најдеме решението за проблемите меѓу членовите на црквата? 1 Коринтјаните 6:7-11; 1 Јованово 1:7,9; Изреки 28:13.**

„Условите за добивање на Божјата милост се едноставни, праведни и разумни. Господ не бара од нас да се изложуваме на маки за да добиеме простување на гревот. Не мораме да одиме на долги и исцрпни поклоненија, или пак да вршиме мачни покори за да му ја препорачаме нашата душа на небесниот Бог или пак да ги окаеме своите престапи, туку оној кој признава и го остава својот грев добива милост". – *Патот кон Христа, 37.*

## 3. ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ ПРОТИВ СЕНЗУАЛНОСТА

**а. Која била главната цел на нашето создавање? Исаија 43:7.**

________________________________________________________________________

„Дури и денес, сè што е создадено ја објавува славата на Неговата совршеност. Не постои ништо освен себичното човечко срце кое живее само за себе. Нема птица што лета низ воздухот, ниту животно што се движи по земјата, да не му служи на некој друг живот. Нема лист во шумата или тревка, а да нема своја намена. Секое дрво, грмушка и лист излеваат животна состојка без која ниту човекот, ниту животното не би можеле да живеат, а за возврат и човекот и животното му служат на животот на дрвото, на грмушката и на листот. Цвеќињата даваат убава миризба и ја откриваат својата убавина како благослов на овој свет. Сонцето ја лее својата светлина за да развесели илјадници светови. Океанот, иако извор на сите наши извори и кладенци ги прима реките од сите земји, но тој зема за да даде. Маглите што излегуваат од неговите пазуви, паѓаат како дождови за да ја натопат земјата, со цел таа да расцвета и да донесе плод”. – *Копнежот на вековите, 20,21.*

**б. Како Павле гледал на телото на верниците? Римјаните 6:13,15,19,20.**

„Уште од вечни времиња Божја намера била секое создание, од светлиот и свет серафим до човекот, да биде храм во кој ќе престојува Творецот. Човечкиот род, заради гревот престанал да биде Божји храм. Замрачено и извалкано од грев, човечкото срце веќе не можело да ја открива божествената слава. Меѓутоа, со отелотворување на Божјиот Син се исполнила намерата на Небото. Бог престојува во луѓето и човечкото срце повторно станува Негов храм преку спасоносната милост“. – *Копнежот на вековите, 161.*

**в. Бидејќи ние сме Божја сопственост, што треба секој од нас да разбере за сопственото тело? 1 Коринтјаните 3:16,17; 10:31.**

„Инспириран од Божјиот Дух, апостолот Павле пишува дека ‘што и да правиме’, дури и природниот акт на јадење и пиење, треба тоа да го чиниме не за да го прославиме изопачениот апетит, туку со чувството на одговорност тоа да ‘го правиме за Божја слава’. Секој дел на човековото тело треба да се чува; ние треба да внимаваме, да сето она што се внесува во желудникот не ги протера од умот возвишените и свети мисли “. – *Совети за животот и исхраната, 56.*

## 4. МОРАЛНА ЧИСТОТА

**а. Бидејќи нашето тело е храм на Светиот Дух, каква е нашата морална одговорност во врска со тоа? 1 Коринтјаните 6:15-18.**

„Секој христијанин мора да научи да ги воздржува своите страсти и да се раководи според начелата. А ако не прави така, не е достоен да се нарече христијанин“. – 2 Сведоштво, 347.

„Строгото покорување на начелата на моралот е единствената заштита на душата. Ако некогаш дошло време исхраната да биде што поедноставна, тогаш тоа време е денес... Колку е поедноставна исхраната, толку полесно можат да се совладаат страстите. Вкусот не смее да се задоволува на штета на телесното, умното и морално здравје...

Бог ви дал тело (како своја црква) за кое треба да се грижите и да го сочувате во најдобра состојба за да Му служите и да Го славите. Вашите тела не се ваша сопственост! ‘Или не знаете дека вашето тело е храм на Светиот Дух, Кој живее во вас и ни е даден од Бога и дека не припаѓате само на себе? Зашто скапо сте платени. Затоа прославете Го Бога во своите тела и во своите души, кои се Божји’”. *– 2 Сведоштво, 352,353.*

**б. Што е морална чистота и како можеме успешно да ја практикуваме? 2 Коринтјаните 7:1; 1 Солуњаните 4:3-5.**

„Ние мораме да му придадеме голема важност на исправното контролирање на своите мисли, затоа што таквата контрола ги подготвува умот и душата да работат складно за Творецот. Неопходно е заради мирот и среќата во овој живот своите мисли да ги насочиме кон Христос. Човекот е она што мисли за себе. Нашиот напредок во моралната чистота зависи од правилното мислење и исправното постапување...

Лошите мисли ја разоруваат душата. Божјата преобразувачка сила го менува срцето, ги разубавува и ги прочистува мислите. Доколку не се на прави одличен напор да се задржат мислите насочени кон Христос, благодатта не може да се открие во животот. Умот мора да се вклучи во духовната благодат. Секоја мисла мора да се доведе во послушност на Христа. Секоја навика мора да се доведе под Божја контрола.

Нам ни е потребно постојано чувство на облагородена сила, чисти мисли и свесност за штетното влијание од лошите мисли. Да ги насочиме своите мисли кон она што е свето. Нека тие бидат чисти и искрени, зошто единствената сигурност за душата е исправното размислување. Ние мораме да го користиме секое средство кое Бог ни го оставил достапно за владеење и култивација на своите мисли”. *– Ум, карактер и личност, том. 1, 235.*

Четврток 21. април

## 5. ПОБЕДА НАД САМОУГОДУВАЊЕТО

### а. Како Павле ја прикажал христијанската трка? 1 Коринтјаните 9:25.

„Со надеж дека во душите на коринтските верници ќе создаде желба за самосовладување, за строга умереност и за непоколеблива верност во Христовата служба, Павле во посланието што им го упатил на сликовит начин им ја изнел споредбата на христијанското војување и прославените трки кои во одредени интервали се одржувале во близината на Коринт. Од сите спортови со кои се занимавале Грците и Римјаните, натпреварите во трчање биле најстари и најмногу ценети. На тие трки присуствувале цареви, благородници и државници. Во нив учествувале угледни и богати млади луѓе кои не се плашеле од напорите и дисциплината потребни да добијат награда.

Натпреварот се изведувал според строги прописи од кои немало никакви отстапки. Сите што сакале да се натпреваруваат за награда, претходно морале да се подложат на строга подготовка и обука. Било строго забрането секое штетно попуштање на апетитот, како и секое друго оддавање на задоволства и уживања и на сè што би можело да ја намали умната или физичката сила. За да успее еден млад човек во тоа одмерување на силата и брзината, мускулите морале да му бидат силни и еластични, а нервите под строга контрола. Секое движење морало да биде сигурно, секој чекор брз и без колебање, а физичката сила на највисоко ниво”. – *Делата на апостолите, 309,310*.

### б. Што вели Павле за тоа колку мина од нив ја добиваат наградата? 1 Коринтјаните 9:24.

„Ниеден од оние што ќе ги прифатат поставените услови нема да биде разочаран на крајот од трката. Ниту еден кој сесрдно и истрајно се бори нема да доживее неуспех. Овде трката не ја добива само најбрзиот, ниту битката само најсилниот. Најслабиот меѓу светите може да носи венец на бесмртна слава исто како и најсилниот. Победа можат да извојуваат сите кои со силата на божествената милост својот живот ќе го сообразат со Христовата волја”. – *Делата на апостолите, 313*.

Петок 22. април

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Опишете го делото на откупените во текот на илјада години.**
2. **Што можам да направам за да го подобрам начинот на кој се решаваат црковните проблеми?**
3. **Како можам подобро да го прославам Бог во моето тело?**
4. **Што треба да знаат христијаните денес за седмата заповед?**
5. **Како можам да бидам победник во битката за чистота?**

# Начела во врска со бракот

**„Бракот да се почитува од сите, и брачното легло да се пази неосквернето; а блудниците и прељубниците ќе ги суди Бог” (Евреите 13:4).**

„Ако во брачната врска се признаваат и се почитуваат божествените начела, тогаш бракот е благослов; тој ја чува чистотата и среќата на човечкиот род; ги задоволува човековите друштвени потреби и ја издигнува неговата телесна, интелектуална и морална природа”. – *Патријарси и пророци, 46.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Римјаните 6 (цело поглавје); 1 Коринтјаните 7 (цело поглавје).*

Недела 24. април

## 1. МАЖ И ЖЕНА

### а. Кога Бог го склучил првиот брак? Создавање 1:27; 2:21,22.

„Првата венчавка ја извршил лично Бог. Затоа оваа установа потекнува од Творецот на вселената. ‘Бракот на сите треба да е чесен’ (Евреите 13:4). Тоа бил еден од првите дарови што му ги дал Бог на човекот, една од двете установи (бракот и саботата) која Адам, по паѓањето во грев, ја понел со себе и преку рајскиот праг”. – *Патријарси и пророци, 46.*

### б. Во која прилика Исус го направил своето прво чудо? Јован 2:1-10.

„Исус не ја започнал својата служба со некое големо дело пред Синедрионот во Ерусалим. На еден семеен собир во едно мало галилејско село, Тој ја употребил својата моќ за да ја зголеми радоста на свадбената свеченост. На тој начин ја покажал својата љубов кон луѓето и својата желба да придонесе за нивната среќа. Во пустината на искушението Тој ја испил чашата на страдањата. Сега дошол на луѓето да им подаде чаша на благослов и со неа да ги посвети односите во човечкиот живот”. – *Копнежот на вековите, 144*.

„На првата свеченост на која присуствувал со своите ученици, Исус им дал чаша која била симбол на Неговото дело за нивно спасение. Тој повторно го направил тоа на последната вечера, воспоставувајќи го тој свет обред што требало да биде спомен за Неговата смрт, сè ‘додека Тој не дојде’ (1. Коринтјаните 11:26)“ – *Копнежот на вековите, 149.*

## 2. ОДДЕЛУВАЊЕ И ПОВРЗУВАЊЕ

**а. Кое божествено начело било напишано за среќен брак? Создавање 2:24.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„Околу секое семејство постои свет круг кој треба постојано да се чува неповреден. Никој нема право да влезе во овој круг. Ниту мажот ниту жената не треба да дозволуваат другите луѓе да биде запознаени со тајните што им припаѓаат само ним. Секој од нив нека дава љубов, а не да бара. Негувајте го најблагородното во себе и брзо препознајте ги добрите особини кај другите“. – *The Faith I live By, p. 252.*

**б. Како можат двајца различни луѓе да живеат во целосна хармонија? Колосјаните 1:27,28.**

____________________________________________________________________

„Ако се исполни Божјата волја, сопружниците ќе се почитуваат еден со друг и ќе ги негуваат љубовта и довербата. Сè што може да го помати мирот и единството во семејството треба одлучно да се отстрани, а да се подигнат љубезноста и љубовта. Оној кој ќе покаже дух на нежност, трпение и љубов, ќе почувствува дека му се враќа со истиот дух. Таму каде што владее Божјиот Дух, нема да се зборува за нескладност на брачната заедница. Ако Христос, надежта за слава, се насели во нас, во домот ќе владее единство и љубов. Христос кој живее во срцето на сопругата целосно ќе се согласува со Христос кој живее во срцето на сопругот. Тие заедно ќе се борат за домовите, кои ги подготвува Христос за оние кои Го љубат“. – *Адвентен дом, 120*.

**в. Кои се некои од дополнителните начела дадени за градење на семејните односи? Ефесјаните 5:33.**

„Секој треба да претпочита да дава љубов, отколку да ја прима. Негувајте го она што е благородно во вас и не двоумете се да ги вреднувате добрите квалитети на другиот. Свеста дека сте ценети е прекрасен поттик и големо задоволство. Наклонетоста и почитта го поттикнуваат стремежот за усовршување. И љубовта се зголемува, кога поттикнува благородни цели...

Христос нека ви биде прв и последен и најдобар во сè. И вашата љубов ќе станува почиста и посилна со зајакнувањето и продлабочувањето на љубовта кон Христа“. – *Здравје и среќа, 361.*

## 3. БОГ ГО МРАЗИ РАЗВОДОТ

**а. Кое е основното начело кое го објавил Господ Исус во однос на долговечноста на брачната врска? Матеј 19:4-8.**

„Кога подоцна фарисеите го прашале за законитоста на разводот, Исус ги потсетил своите слушатели на институцијата на бракот која била втемелена уште при создавањето: ‘Заради вашите жестоки срца Мојсеј ви дозволи да ги оставате жените свои; но во почетокот не беше така’ (Матеј 19:8). Ги потсетил на блажените денови во Едем, кога Бог изјавил дека сè што создал ‘е многу добро’. Оттука потекнуваат бракот и саботата, две институции на слава Божја и за благослов на човештвото. Кога Создателот со брачен завет ги споил рацете на светиот пар со зборовите: ‘Затоа човекот ќе ги остави татко си и мајка си и ќе се прилепи кон жената своја; и (обата) ќе бидат едно тело’ (Создавање 2:24), го прогласил законот за бракот за сите Адамови деца до крајот на времето. Она што самиот вечен Отец го прогласил за добро, претставува закон кој на луѓето требало да им донесе најголем благослов и да им овозможи највисок развој”. – *Мисли од гората, 63,64.*

**б. Што објавил Бог преку Малахија во врска со неверството во бракот? Малахија 2:12-16.**

**в. Во случај на развод, каква поука Господ ни дал преку апостол Павле? Римјаните 7:1-3; 1 Коринтјаните 7:10-15.**

„Ако жената е неверник и противник, мажот не може, врз основа на Божјиот закон, да ја избрка само поради оваа причина. За да биде во согласност со законот на Јехова, тој мора да остане со неа, освен ако таа самата не одлучи да си замине. Тој може да трпи противење и да биде угнетуван и иритиран на многу начини; тој ќе најде утеха, сила и поддршка од Бога, кој е способен да даде благодат во секоја вонредна состојба. Тој треба да биде човек со чист ум, со вистински одлучни, цврсти начела и Бог ќе му даде мудрост во однос на патот што треба да го следи”. – *Testimonies on Sexual Behavior, Adultery, and Divorce, pp. 158, 159.*

„Денес, како и во деновите на Христа, состојбата во општеството претставува тажна спротивност во однос на небесниот идеал за оваа света врска. Но, дури и на оние кои вкусиле само горчина и разочарување, таму каде очекувале пријателство и радост, Христовото Евангелие им нуди утеха”. – *Мисли од гората, 65.*

## 4. ВРЕМИЊА НА ОБНОВА

**а. Која е Божјата намера во врска со својот народ во овие последни денови? Исаија 58:12-14.**

„Пророкот со овие зборови го опишува народот кој во време на општ отпад од вистината и праведноста се труди да ги обнови начелата на кои е засновано Божјото царство. Тој народ ги обновува пукнатините направени во Божјиот закон – заштитниот ѕид што го подигнал Тој за да ги заштити своите одбрани, и покорноста на прописите на правдата, вистината и чистотата ќе биде нивна вечна заштита...

При крајот на историјата на овој свет сите божествени институции треба да бидат обновени. Треба да се поправи пукнатината во Законот што ја направил човекот кога ја променил саботата. Божјиот народ на ‘остатокот’, кој стои пред светот како реформатор, мора да покаже дека Божјиот закон е темел на секоја трајна реформа и дека саботата од четвртата заповед мора да стои како споменик на создавањето, вечен потсетник за Божјата сила. Тој ‘остаток’ мора со јасни и разбирливи зборови да укаже на обврската да се држат сите десет заповеди. Поттикнат од Христовата љубов, тој мора да соработува со Него ѕидајќи урнатини. Тие треба да ги поправат пукнатините и да ги возобноват патиштата за населбите (види: Исаија 58:12)” – *Пророци и цареви, 677,678.*

**б. Покрај саботата од четвртата заповед, наведете уште две други установи кои треба да се обноват - и зошто.**

**1) Бракот (Создавање 1:26,27; Матеј 19:9).**

**2) Првобитната исхрана (Создавање 1:29; Исаија 22:12-14 - Денот на помирувањето).**

„Од Едем) потекнуваат бракот и саботата, две институции на слава Божја и за благослов на човештвото” – *Мисли од гората, 63.*

„Што се случува денес со брачната врска? Зарем не е изопачена и извалкана како во времето на Ное? Во дневните весници се забележува развод по развод. Ова е бракот за кој зборува Христос кога вели дека луѓето пред потопот ‘се женеа и се мажеа’” – *Manuscript Releases, vol. 7, p. 56.*

„Исус сака да види среќни бракови, среќни огништа”. – *In Heavenly Places, p. 202.*

„Вистинскиот пост, кој треба да им се препорача на сите, е да се воздржуваат од секаква стимулативна храна и правилна употреба на здрава едноставна храна, која Бог ја дал во изобилство”. – *Medical Ministry, p. 283.*

Четврток 28. април

## 5. ВРЕМИЊА НА ОБНОВА (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

### а. Што претходи и што следи во процесот на обнова? Дела 3:19-21.

„’Кога ќе биде обновено сè, за кое Бог навестуваше од дамнина преку устата на сите свои свети пророци’ (Дела 3:21), саботата на создавањето денот во кој Исус почивал во Јосифовиот гроб сè уште ќе биде ден за одмор и радост. Небото и Земјата ќе се обединат во славењето ‘од сабота до сабота’ (Исаија 66:23), а мноштвото спасени радосно ќе Му се поклонуваат на Бога и на Јагнето” – *Копнежот на вековите, 769,770.*

„Луѓето треба помалку да размислуваат за тоа што ќе јадат и пијат од привремената храна, а многу повеќе за небесната храна, која ќе му даде карактер и живот на целото религиозно искуство” – *Medical Ministry, p. 283.*

„За да дознаеме која храна е најдобра треба да го проучиме првобитниот Божји план за исхраната на луѓето. Оној кој го создал човекот и кој ги разбира неговите потреби, ја одредил храната на Адам... Житарките, овошјето, зеленчукот и јаткастите плодови ја сочинуваат исхраната што Творецот ја одбрал за нас.” – *Child Guidance, p. 380.*

„(Јован Крстител) бил претставник на оние што живеат во овие последни денови, на кои Бог им ги доверил светите вистини, што треба да им ги претставаат на луѓето и да го подготват патот за второто Христово доаѓање. Јован бил реформатор...

Јован бил одвоен од своите пријатели и од удобниот живот. Едноставноста на неговата облека - облека исткаена од влакна на камила, била постојан укор за екстравагантноста и наметливоста на еврејските свештеници и народот воопшто. Неговата исхрана, чисто растителна, составена од рогач и мед од диви пчели, била укор за апетитот и ненаситноста што преовладувала насекаде.” – *Counsels on Health, p. 72.*

Петок 29. април

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Кој е библискиот стандард за бракот?**
2. **Објаснете ги тајните на среќниот брак.**
3. **Каде во Библијата е јасно наведено дека бракот е доживотен?**
4. **Кои витални установи треба да ги обновиме од Едем пред Христовото враќање?**
5. **На кој начин нашето дело е слично со она на Јован Крстител?**

# Дар во првата сабота за Мисиите во светот



„Но близу е крајот на сè... Војводата на нашето спасение вели: ‘Напред! Доаѓа ноќта, кога никој не може да работи’“. — *Мојот живот денес, 109.*

Делото на објавување на вечното Евангелие до целиот свет кој се наоѓа во конфузијата на Вавилон е нашиот сегашен повик. Света должност на секој човек е да ја прифати тројната ангелска порака. Каква привилегија е ова – но сепак, има уште многу да се направи!

До моментот на пишување на овие лекции, Универзалната поштенска унија наведува 191. нација и територии во својот систем, а Обединетите нации признаваат 195 земји во светот. Колку луѓе во ова мноштво сè уште не ја примиле сегашната вистина која може да ги спаси нивните души? Апостолот нè потсетува: „Зашто некои од вас не знаат за Бога - за ваш срам го велам ова“ (1. Коринтјаните 15:34). „Но како да Го повикаат Оној во Кого не поверувале? Како, пак, да поверуваат во Оној за Кого не слушнале? А како да слушнат, ако нема кој да проповеда?“ (Римјаните 10:14). Никој од нас не може да ја пренесе вистината до сите во светот. Но, во силата на Светиот Дух, секој од нас може да направи нешто.

„Секому што ќе го прифати евангелието му е дадена света вистина да му ја објавува на светот. Верниот, и на Бога предан народ, секогаш претставувал активен мисионер кој своите средства ѝ ги посветувал на честа на неговото име и мудро ги употребувал своите лични способности во Неговата служба....

Секој што го примил Христа е повикан да работи за спасението на своите ближни... Со налогот да се упатува овој повик е опфатена целата црква...

Бог одамна чека дух на ревносна служба да ја проникне целата црква и секој верник да работи за него според своите способности. Ако верниците на Божјата црква го исполнуваат налогот на евангелието, ако ја извршуваат должноста што им е наменета, таму каде што е потребно, во својата земја или во странство, набргу цел свет ќе биде предупреден и Господ Исус повторно ќе дојде со голема сила и слава“. - *Делата на апостолите, 109-111.*

Со денешниот дар во првата сабота за мисиите во светот, Господ нека ги раздвижи нашите срца и нека ни помогне да го цениме овој начин на соработка во прекрасното дело на спасението - преку нашите великодушни дарови.

***Мисионерски оддел на Генералната конференција***

# Поуки од историјата на Израел

**„Сето тоа ним им се случуваше да служат како пример, а беше запишано нам за опомена, до кои стигна крајот на вековите“ (1 Коринтјаните 10:11).**

„Денес сатаната ги користи истите средства за да ги предизвика истите зла, а неговите напори се проследени со истите резултати кои во деновите на Израел положија толку многу луѓе во гробови”. – *The Review and Herald, February 4, 1909.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *1 Коринтјаните 10:1-11; Делата на апостолите, 315–317.*

Недела 1. мај

## 1. ПОХОТЛИВИ ПО ЗЛИ РАБОТИ

### а. По кои зли работи (1. Коринтјаните 10:6) стремеле Израелците?

„Кога Бог ги извел децата на Израел од Египет, Негова цел била да ги насели во Хананската земја како чист, здрав и среќен народ... Тој во голема мерка ја отстранил месната храна од нив. Им дозволил месо поради нивните барања, токму пред да стигнат до Синај, но и тоа само за еден ден. Бог можел да обезбеди месо исто толку лесно како и маната, но ограничувањето било ставено врз луѓето за нивно добро. Негова цел била да им овозможи на луѓето храна која е посоодветна за нивните потреби отколку трескавичната исхрана на која мнозина од нив биле навикнати во Египет. Изопачениот апетит требал да биде доведен во поздрава состојба, за да можат да уживаат во храната која првично им била наменета на луѓето -плодовите на земјата, кои Бог им ги дал на Адам и Ева во Едем”. – *Совети за животот и исхраната, 377*.

### б. Што брзо се случило како резултат на нивната неумереност? Броеви 11:4,20,31-34.

„Нивните бунтовни желби биле задоволени, но затоа морале да ги сносат последиците. Се наследувале без мерка и граници и поради таквата неумереност морала да уследи неодложна казна. ‘Господ го порази народот со мошне голем пораз’. Мнозина се разболеле и изумреле од страшна треска додека најголемите виновници биле поразени со помор штом ја вкусиле храната за која жеднееле”. – *Патријарси и пророци, 382.*

## 2. ИДОЛОПОКЛОНСТВО

**а. Во какво понижувачко отпадништво учествувал Израел на Синај? Излез 32:1-6.**

„Под изговор дека празнуваат ‘празник на Господ’, тие се оддале на ненаситност и на развратни наслади...

Поминале само неколку дена откако Евреите склучиле свечен сојуз со Бога и се обврзале да го слушаат неговиот глас. Тогаш тресејќи се стоеле пред горoccupата и ги слушале Божјите зборови: ‘Немој да имаш други богови освен Мене!’ Сѐ уште пред очите на собирот се реела Божјата слава над Синајската гора, но тие ја напуштиле неа и побарале други богови. ‘Направија теле на Хорев и му се поклонија на идолот. Ја заменија својата слава со лик на теле, што јаде трева’ (Псалм 106:19,20). Поголема неблагодарност и повеќе дрска навреда не можеле да му нанесат на Оној кој им се открил како нежен татко и како семожен Цар“. – *Патријарси и пророци, 317.*

**б. Како можеме денес да бидеме во опасност да бидеме вклучени во идолопоклонство, дури и без изваjани идоли? Излез 20:3-6; 1 Јованово 5:21.**

„Вечниот, жив и недосеглив Јехова, кој нема ниту почеток ниту крај, кој не е некое создадено суштество, е единствен извор на животот и творец на се што е создадено, Оној кој се одржува и само нему треба да му се клањаме и да го обожаваме. На луѓето им е забрането на кого било или на што било друго да му даваат прво место во својата наклоност или служба. Ако цениме или сакаме што било друго што на некој начин води кон намалување на нашата љубов кон Бога или оди на штета на службата што му ја должиме нему, тогаш веќе од тоа си создаваме себеси друг бог”. – *Патријарси и пророци, 305.*

„Луѓето толку долго време се поклонувале на човечки идеи и човечки одредби што речиси целиот свет почнал да ги следи идолите”. – *Пророци и цареви, 186.*

„Секојпат кога ќе одбиете да ја слушате пораката на милоста, го зајакнувате своето неверување. Секојпат кога ќе пропуштите вратата на своето срце да му ја отворите на Христа, станувате се помалку склони да го слушате гласот на Оној кој ви се обраќа и на тој начин ја намалувате својата можност да одговорите на последниот повик на милоста. Не дозволете и за вас да се напише исто што и на стариот Израел: ‘Ефрем се поврзал со идолите; остави го!’ (Осија 4:17). Не дозволете Христос да плаче над вас како што плачел над Ерусалим, велејќи: ‘Колкупати сакав да ги соберам чедата твои како што квачка ги собира пилињата свои под крилја, но не сакавте. И ете, домот ваш ќе ви биде напуштен’ (Лука 13:34,35)”. – *Христовите поуки, 237.*

## 3. НЕМОРАЛНОСТ

**а. Каква морална катастрофа го снашла Израел кај Ваал-Фегор? Броеви 25:1-9.**

„Според советот на Валама, моавскиот цар приредил голема свеченост во чест на своите богови и потајно средил Валам да ги наговори Израелците и тие да земат учество во тоа. Бидејќи овие го сметале за Божји пророк, нему не му било тешко да ја постигне својата цел. Голем дел од народот пошол по него да присуствува на свеченостите. Се осмелиле да стапат на забранета почва и се сплеткале во мрежите на сатаната. Восхитени од музиката и играта и намамени од убавината на незнабожечките калуѓерки, ја занемариле својата верност кон Бога. Се придружиле кон веселбата и славјето, виното им го поматило разумот и ги урнало сите огради на самосовладувањето. Сетилноста потполно загосподарила и бидејќи својата совест ја извалкале со разврат, дозволиле да бидат наговорени да се поклонат пред идолите. Принесувале жртви на незнабожечките олтари и учествувале во понижувачките обреди". – *Патријарси и пророци, 454.*

**б. Како што се приближуваме до небесниот Ханаан, како сатаната постапува на сличен начин за да го уништи Божјиот народ? 1 Коринтјаните 10:11-13.**

„Сатаната точно го познава материјалот во човечкото срце со кој ќе има работа. Тој ги познава најчувствителните точки во човечкиот карактер, зашто илјадници години ги проучува со пеколна ревност. Затоа во сите поколенија се трудел најсилните луѓе, кнезовите во Израел, да ги совлада токму со тоа искушение кое со толку голем успех го применил во Ваал-Фегор. Во сите столетија на сите страни се забележувале такви карактерни црти како остатоци на брод парчосан на карпата на грешните страсти. Денеска, кога се приближуваме кон крајот на времето и кога Божјиот народ стои на границата на небесниот Ханан, сатаната, како и во минатото, двојно ќе ги зголеми своите напори за да ги спречи да влезат во ветената земја. Тој поставува свои стапици пред секоја душа. Оттаму, сите мора да бидат претпазливи, а не само неуките и необразованите. Тој ќе смисли искушенија дури и за оние што се наоѓаат на највисоки положби и на најсвети должности; ако му појде од рака да ја извалка нивната душа, тогаш ќе може да уништи и многу други. И денеска тој се служи со исти средства како и пред три илјади години. Со помош на пријателство со светот, со помош на шармот на убавината, со желбата за задоволства, со веселбите, со различни свечености и со чаша вино, тој наведува на престап на седмата заповед". – *Патријарси и пророци, 457,458.*

## 4. ЛОША НАВИКА

**а. Кој грев често се појавувал за време на патувањето на Израелците и како се казнувал? 1 Коринтјаните 10:10; Излез 16:8; Броеви 14:27,36; 11:1.**

__________________________________________________________________

„На своето патување од Црвеното Море до Синај, тие често се плачеле и се бунеле, но, имајќи сожалување кон нивното незнаење и слепило, Бог тогаш не ги казнувал за тие гревови. Меѓутоа, од тоа време Тој им се открил на Хорев. Тие примиле голема светлина зашто го виделе Божјото величество, неговата моќ и милост; затоа нивното незадоволство и неверство сега претставувале голем грев. Освен тоа, тие се заветувале дека го прифаќаат Јехова за свој цар и дека ќе го почитуваат неговиот авторитет. Нивното мрморење сега претставувало бунт, па затоа морала да уследи брза и видлива казна со цел Израел да се спаси од анархија и од пропаст. И ‘Господ чу, па Му се разгоре гневот, и меѓу нив пламна оган Господов и започна да го уништува крајниот дел од логорот’. Најодговорните за бунтот биле уништени со молња од облакот“. – *Патријарси и пророци, 379.*

**б. Зошто повеќето Израелци кои го напуштиле Египет не можеле да влезат во ветената земја – и зошто Божјиот народ денес патува толку долго во овој злобен свет? Евреите 3:16-19; 4:1,2.**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

„Четириесет години, неверувањето, мрморењето и бунтот го исклучувале древниот Израел од Хананската земја. Истите гревови го одложија влегувањето на современиот Израел во небесниот Ханаан. Во ниту еден случај, Божјите ветувања не изневериле. Неверувањето, световноста, непосветеноста и расправиите меѓу оние кои се изјаснувале за Божји народ е она што нè задржа толку многу години во овој свет на грев и страдање“. – *Evangelism, p. 696.*

**в. Кој е коренот на мрморењето и како можеме да го надминеме? Римјаните 11:20.**

„Евангелието се ширело по цел свет како пријатен мирис на темјан. За оние што ќе го прифатат Христа, пораката ќе биде животен мирис за живот, но за оние кои упорно ќе останат во неверство, таа претставува смртен мирис за смрт“. – *Делата на апостолите, 326.*

Четврток 5. мај

## 5. ПОБЕДНИЧКИ НАРОД

### а. Опишете го клучот на победата и покрај предизвиците со кои се соочуваме. Откровение 12:17; 1 Коринтјаните 15:57.

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Евангелие кое треба да се проповеда на ‘секое племе и колено, јазик и народ’ ја прикажува вистината во сета нејзина јасност, покажувајќи дека послушноста е услов за стекнување вечен живот. Христос ја дава својата праведност на оние кои се согласуваат да му дозволат да ги земе нивните гревови. Ние сме должни на Христа за благодатта што нè прави целосни во Него“. – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 7, p. 972.*

„И покрај недостатоците на Божјиот народ, Христос не ги отфрла оние за кои се грижи. Тој има моќ да ја замени нивната облека. Тој ја слекува од нив нивната валкана облека и сите што се каат и веруваат ги облекува во облеката на Својата праведност. Во небесните извештаи покрај нивното име се допишува: ‘Помилувани!’ Тој ги признава како Свои пред целата вселена. Нивниот противник, сатаната, се покажува како обвинител и измамник. Бог навистина ќе им даде правда на Своите избраници“. – *Христовите поуки, 169,170.*

### б. Кои се главните особини по кои се препознава Божјиот народ? Откровение 14:12; 15:2.

„Кога зборуваме за таа борба, целиот христијански свет ќе биде поделен на две големи групи - оние кои ги држат Божјите заповеди и верата на Исус, и оние кои го обожаваат ѕверот и неговиот лик (икона) и го примаат неговиот белег (жиг). Иако црквата и државата ќе ги здружат силите за да ги принудат сите ‘мали и големи, богати и сиромаси, слободни и робови’, да го прифатат ‘белегот (жигот) на ѕверот’ (Откровение 13:16), сепак Божјиот народ нема да го прифати“. – *Counsels for the Church, pp. 39,40.*

Петок 6. мај

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Објаснете еден голем проблем кој Израелците го имале во пустината.**
2. **Наведете некои од начините на кои идолопоклонство се практикува денес.**
3. **Како сатаната може да нè зароби како Израелците во Ваал-Фегор?**
4. **Што треба да направам за да ја надминам мојата склоност да мрморам?**
5. **Како можам да бидам победник во последната битка?**

# Обредот Света вечера

**„Зашто, секогаш, кога ќе го јадете овој леб и кога ќе ја пиете оваа чаша, вие ќе ја објавувате смртта на Господ, додека Тој не дојде“ (1 Коринтјаните 11:26).**

„На првата свеченост на која присуствувал со своите ученици, Исус им дал чаша која била симбол на Неговото дело за нивно спасение. Тој повторно го направил тоа на последната вечера, воспоставувајќи го тој свет обред што требало да биде спомен за Неговата смрт, сѐ ‘додека Тој не дојде (1. Коринтјаните 11:26)”. – Копнежот на вековите, 149.

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *1 Коринтјаните 11:17-34; Копнежот на вековите, 652-661.*

Недела 8. мај

## 1. ВЕЧЕРА ГОСПОДОВА

**а. Зошто Исус го воспоставил обредот на светата вечера за нас - и каков треба да биде нашиот став кон тоа? Матеј 26:26-29; 1 Коринтјаните 11:26.**

„Земајќи учество во лебот и виното заедно со своите ученици, Христос се заветувал себеси дека ќе биде нивен Откупител. Тој им го доверил Новиот завет, со кој сите што ќе го прифатат стануваат Божји деца и Христови сонаследници. Со тој завет се стекнува право на секој благослов што Небото може да го подари во овој и во идниот живот. Тој завет морал да биде потврден со Христовата крв. А намената на Светата вечера се состои во тоа постојано да ги потсетува учениците на неизмерната жртва за секој од нас поединечно како припадници на паднатиот човечки род”. – *Копнежот на вековите, 656.*

„Обредот Света вечера укажува и на Христовото повторно доаѓање”. – *Копнежот на вековите, 659.*

**„**Никој не треба да се исклучува себеси од Светата вечера затоа што е присутен некој недостоен. Секој ученик е повикан со јавно учество во овој обред да посведочи дека го прима Христа како свој личен Спасител. При таквите Негови состаноци, Христос се среќава со својот народ и со своето присуство ги охрабрува и зајакнува. Срцето и рацете на оние кои го извршуваат овој обред можат да бидат недостојни, но Христос е тука за да им послужи на своите деца”. – *Копнежот на вековите, 656.*

## 2. ХРИСТОС, НЕБЕСНИОТ ЛЕБ

**а. Како Христос се поистоветува себеси со лебот што дава живот? 1 Коринтјаните 11:23-25; Јован 6:33-35,50,51,63.**

„Да се јаде Христовото тело и да се пие Неговата крв значи да се прими како личен Спасител, да се верува дека Тој ги простува нашите гревови и дека сме совршени во Него. Набљудувајќи ја Неговата љубов, размислувајќи за неа, напојувајќи се од неа, ние стануваме учесници во Неговата природа. Она што е храна за телото тоа Христос мора да биде за душата. Храната не ни е од полза ако не ја јадеме, ако не стане дел од нашето битие. Така Христос не ни е од никаква полза, ако не го примиме како свој личен Спасител. Теоретското знаење нема да ни биде од никаква полза. Мораме да се храниме со Него, да го примиме во своето срце, така што Неговиот живот да стане наш живот. Неговата љубов и Неговата благодат мора да станат дел од нас".– *Копнежот на вековите, 389.*

„Христовиот живот, кој дава живот на светот се наоѓа во Неговата Реч. Со својата реч, Исус лекувал болни и истерувал демони. Со својата реч ја стивнал бурата и ги подигал мртвите и народот бил сведок дека Неговата реч имала сила. Тој ја зборувал Божјата Реч, како што зборувал преку сите пророци и учители во Стариот Завет. Целата Библија е манифестација на Христа и Спасителот сакал верата на своите следбеници да ја утврди кон Речта. Кога Неговото видливо присуство ќе биде повлечено, Речта мора да биде извор на нивната сила".– *Копнежот на вековите, 390.*

**б. Што треба да научиме од начинот на кој Христос одговорил на предизвикот на сатаната да ја злоупотреби својата креативна моќ за себични цели? Матеј 4:4.**

„Како што својот телесен живот го одржуваме со помош на храна, така и нашиот духовен живот се одржува со помош на Божјата Реч. Секоја душа за себе треба да прима живот од Божјата Реч. Како што сами мораме да јадеме за да примиме сила, така и сами мораме да ја примиме Речта. Не можеме да ја добиеме со посредство на некој друг. Треба внимателно да ја проучуваме Библијата, молејќи му се на Бога со помош на Светиот Дух да можеме да ја разбереме Неговата Реч. Треба да земеме еден стих и да ги насочиме мислите, трудејќи се да ја пронајдеме смислата што Бог ја ставил за нас во него. Треба да размислуваме за таа мисла, сè додека таа не стане наша сопствена мисла и ние не дознаеме 'што говори Господ'".– *Копнежот на вековите, 390*.

„Како што Божјиот Син живеел преку вера во Отецот, така и ние мораме да живееме преку вера во Христа. Исус целосно бил предаден на Божјата волја, така што Отецот единствено се манифестирал во Неговиот живот. Иако бил искушуван во сè како и ние, стоел пред светот неизвалкан од гревот што го опкружувал. Така и ние треба да победиме, како што победил Христос". – *Копнежот на вековите, 389.*

## 4. ВИНО

### а. Какво вино понудил Христос на свадбата во Кана и при обредот Света вечера? Исаија 65:8.

___

„Виното што го обезбедил Христос за свеченоста и она што им го дал на учениците, како симбол на Својата крв бил чист гроздов сок. На тоа укажува и пророкот Исаија, зборувајќи за новото вино ‘во гроздот,’ кога вели: ‘Не го расипувај, зашто благослов е во него’ (Исаија 65:8)“. – *Копнежот на вековите, 149.*

„Обредот Света вечера укажува и на Христовото повторно доаѓање. Тој е одреден постојано да ја освежува оваа надеж во мислите на учениците. Секогаш кога ќе се сретнат во спомен на Неговата смрт, тие ќе се сеќаваат како Тој ‘ја зеде чашата, заблагодари и им ја даде, велејќи: Пијте од неа сите, зашто ова е Мојата крв на новиот завет, што се пролева за мнозина за простување на гревовите. Но, ви велам, отсега нема да пијам повеќе од овој лозов род до оној ден кога ќе го пијам со вас нов во царството на Мојот Татко’. Во своите неволји тие ќе најдат утеха во надежта за враќањето на својот Господ. Мислата: ‘секогаш кога го јадете овој леб и ја пиете оваа чаша, ја објавувате смртта Господова додека Тој не дојде’ (1. Коринтјаните 11:26), за нив била неискажливо драгоцена“. – *Копнежот на вековите, 659.*

### б. Какво драгоцено ветување наоѓаме во 1 Јованово 1:7?

„Прекрасна е самата помисла дека Христовата праведност ни се припишува не поради некоја заслуга од наша страна, туку како бесплатен дар од Бога. Непријателот на Бога и човекот не сака оваа вистина јасно да биде претставена, бидејќи знае дека ако луѓето целосно ја прифатат, неговата моќ ќе биде скршена...

Луѓето треба да бидат охрабрени со онаа едноставна вера која ги наведува цврсто да се држат до Божјите ветувања. Божјиот народ мора да ја има онаа вера која полага право на божествената сила; ‘зашто по благодат сте спасени преку верата; и тоа не е од вас - туку дар Божји’ (Ефесјаните 2:8). Оние кои веруваат дека Бог им ги простил гревовите заради Христа, не треба да се повлекуваат да се борат во добрата борба на верата, и покрај сите искушенија. Нивната вера треба да зајакнува, сѐ додека во своето христијанско искуство не се развијат до таа мера кога нивниот христијански живот, како и нивните зборови, со право можат да кажат: ‘Крвта на Исус Христос... нѐ очистува од секаков грев’ (1 Јованово 1:7)”. – *Gospel Workers, p. 161.*

## 4. ДОСТОЈНОСТ

**а. Кој може да учествува на Господовата вечера? 1 Коринтјаните 11:27,29. Наведи пример кога некој, во тој обред, недостојно учествувал. Јован 13:10,11,18.**

____________________________________________________________________

„Предавникот Јуда присуствувал на овој свет обред. И тој од Христовата рака ги примил симболите на Неговото рането тело и Неговата пролеана крв. Тој ги слушнал зборовите: 'Ова правете го за Мој спомен'. Седејќи во непосредно присуство на Божјото Јагне, предавникот размислувал за своите мрачни намери и бил задлабочен во своите подмолни, одмаздољубиви мисли". – *Копнежот на вековите, 653.*

**б. Иако припаѓал на дванаесетмината, зошто Јуда во срцето бил недостоен да се причести? Која подготовка била наменета да го омекне неговото тврдо срце —а која и нам ни е потребна? Јован 13:14,15.**

„Силата на таа љубов ја почувствувал и Јуда. Кога Христос со Своите раце ги миел валканите нозе и ги бришел со крпа, Јудиното срце затреперило и почувствувал потреба веднаш да го признае својот грев. Но не сакал да се понизи. Тоа срце било премногу тврдо за да може да се покае и старите побуди, кои за момент биле потиснати, повторно завладеале со него. Јуда се соблазнил што Исус им ги миел нозете на Своите ученици. 'Кога Исус можел да се понизи до таа мера' мислел Јуда 'тогаш Тој не е Израелски цар'. Сета надеж за световна чест во едно земно царство, пропаднала. Јуда бил уверен дека не може да добие ништо доколку и понатаму оди со Христа. Кога видел дека Христос според негово мислење сам се деградирал, Јуда уште поцврсто одлучил да се откаже од Него и да се прикаже како да бил измамен. Тој целосно се предал на власта на демоните и одлучил до крај да го спроведе планот на кој се согласил, предавајќи го својот Господ". – *Копнежот на вековите, 645.*

„Тој му ги измил нозете и на Јуда, но срцето не можел да го измие, бидејќи Јуда не го дозволил тоа. Тој не се потчинил, ниту Му се предал на Христа". – *Копнежот на вековите, 649.*

„Според својата природа, човекот е склон себеси да се смета за подобар од својот брат, да работи за себе, да копнее по највисока положба, а тоа често доведува до зли претпоставки и огорченост. Обредот кој и претходи на Господовата вечера има цел да ги отстрани тие недоразбирања и да го ослободи човекот од неговата себичност и пиедесталот на самовоздигнувањето и да го насочи кон понизност на срцето, што ќе го наведе да им служи на своите браќа". – *Копнежот на вековите, 650.*

Четврток 12. мај

## 5. САМОИСПИТУВАЊЕ

**а. Што треба да направиме пред обредот Света вечера? 1 Коринтјаните 11:28.**

„На оваа свеченост (миење на нозете) е присутен светиот Стражар од Небото за да направи од истата време за самоиспитување, за уверување за гревот и за стекнување на блажено убедување за простени гревови. Тука се наоѓа Христос во сета полнина на својата благодат да го измени текот на мислите кои биле насочени по каналите на себичноста. Светиот Дух поттикнува чувствителност кај оние кои се угледуваат на примерот на нашиот Господ. Додека размислуваме за понизноста на Спасителот, нашите мисли се поврзуваат една со друга, се појавуваат многу спомени спомени за големата Божја добрина и за благонаклоноста и нежноста на земните пријатели. Тогаш се сеќаваме на заборавените благодети, злоупотребената милост, омаловажената љубезност. Се откриваат корените на горчина кои ја задушувале драгоцената билка на љубовта. Се сеќаваме на своите карактерни недостатоци, запоставувани должности и неблагодарност кон Бога и студенило кон своите браќа. Гревот се појавува во светлината во која го гледа Бог. Тогаш нашите мисли не се веќе мисли на самозадоволство, туку на остра самокритика и понизност. Умот добива сила да ја сруши секоја бариера која причинила отуѓување. Човекот веќе не мисли ниту пак зборува лошо за другите". – *Копнежот на вековите, 650.*

**б. Како можеме да бидеме достојни да учествуваме во Господовата вечера? Изреки 28:13; 1 Јованово 1:8,9.**

„Гревовите се признаени и простени. Христовата благодат која потчинува ја освојува душата, а Неговата љубов ги привлекува срцата во едно благословено единство". – *Копнежот на вековите, 651.*

„И вие, кои се чувствувате најнедостојни, не плашете се својот случај да му го препуштите на Бога. Кога се дал Себеси во Христа за гревовите на светот, Бог го презел случајот на секоја душа". – *Христовите поуки, 174.*

Петок 13. мај

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како Исус сака Светата вечера да ми биде од корист?**
2. **Зошто Господ зборува за Себе како за Леб на животот?**
3. **На што треба да се фокусираме кога земаме вино за време на Светата вечера?**
4. **Зошто треба да бидеме достојни да дојдеме на Господовата трпеза?**
5. **Како можам подобро да се подготвам за следната света вечера?**

# Духовни дарови

**„А за духовните дарови, не сакам, браќа, да не знаете“ (1 Коринтјаните 12:1).**

„Совршеноста на црквата не зависи од тоа дали секој член на црквата е подеднакво обликуван. Бог ги повикува секој да го заземе своето соодветно место, ‘да остане во делото’, извршувајќи ја работата што му е доделена според способностите што му се дадени”. – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Com¬ments], vol. 6, p. 1090*.

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *The Faith I Live By, p. 292.*

Недела 15. мај

## 1. БОЖЕСТВЕН ИЗВОР НА ДАРОВИ

**а. Како апостолот го доведува во врска Светиот Дух со духовните дарови? 1 Коринтјаните 12:4-9.**

__________________________________________________________________
__________________________________________________________________

„Денес, Бог ќе им дарува на мажите и жените сила одозгора, како што им дарувал и на оние што го слушнале словото на спасението на денот на Педесетница. Во овој час Неговиот Дух и Неговата благодат им припаѓаат на сите на кои им се потребни и кои ќе ги примат Неговите зборови”. – *The Faith I Live By, p. 292.*

**б. Која е главната цел на даровите во Божјата црква? 1 Коринтјаните 12:3,7; Ефесјаните 4:11-13.**

„Павле изјавува дека даровите и манифестациите на Духот ѝ се ставени на располагање на црквата... ‘додека сите не го достигнеме единството на верата и познанието на Синот Божји, до состојба на совршен човек, до мера на возраста на Христовата полнота’ (Ефесјаните 4:13)”. – *The Faith I Live By, p. 292.*

„Даровите на Духот му се ветени на секој верник во сообразност со неговите потреби во Господовото дело. Тоа ветување и денес е исто толку цврсто и веродостојно, како што било во времето на апостолите”. – *Копнежот на вековите, 823.*

## 2. РЕЧ НА МУДРОСТА

**а. Како можеме да ги примиме даровите на Светиот Дух? Лука 11:13; Дела 5:32.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Ако се поврзат со Христа, ако ги примат даровите на Светиот Дух, најсиромашните и најнеуките меѓу Неговите ученици ќе имаат моќ која ќе влијае на срцата. Бог ги прави канали преку кои се шири највозвишеното влијание во универзумот”. – *The Faith I Live By, p. 292*.

**б. Што е вистинската мудрост според Божјата реч? 1 Коринтјаните 1:30.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Најљубопитните можат безбедно да научат во Христовата школа она што ќе се покаже за нивно сегашно и вечно добро. Несигурните и незадоволните тука ќе најдат одмор. Насочувајќи ги своите мисли и чувства на Христа, тие ќе стекнат вистинска мудрост, која ќе им биде повредна од најскапоцените земни богатства”. – *An Appeal to Mothers, p. 32.*

**в. Кое е најважното знаење за нашето спасение и каде можеме да го добиеме? Јован 17:3; Изреки 2:3-5.**

„Практичното познавање на Бога и на Исуса Христа, кого Тој го испратил, го преобразува човекот, обновувајќи го во него божествениот лик. Тоа му овозможува на човекот да владее со себеси и секој нагон и секоја страст на пониската природа да ги стави под контрола на повисоките сили на умот. Тоа знаење оној што го поседува го прави Божји син и небесен наследник, го доведува во заедница со умот на Бесконечниот и му ги отвора богатите ризниците на неизмерните богатства на вселената.

Тоа е знаењето што се стекнува со истражување на Божјата реч. И ова богатство може да го пронајде секоја душа која е подготвена да се откаже од сè за да го стекне”. – *Христовите поуки, 114.*

„’А животот вечен е тоа, да Те познаат Тебе Единиот вистински Бог, и испратениот од Тебе Исус Христос’ (Јован 17:3). Овие зборови значат многу. Само со познавање на Христа можеме да го спознаеме Бога. Божјиот повик е упатен до сите да ги слушаат овие зборови. Тоа се Божји зборови и сите треба да внимаваат на нив, зашто според нив ќе бидат судени. Спасоносното знаење за Христа значи да се биде оживеан со духовно знаење, и да се практикуваат Неговите зборови. Без ова, сè друго е безвредно”. – *The Signs of the Times, January 27, 1898.*

## 3. ДАРОТ НА ВЕРАТА

**а. Што е вера - и како можеме да ја поседуваме? Евреите 11:1; Ефесјаните 2:8; Римјаните 10:17.**

„Верата во Христа како Откупител на светот може да се развива во срце кое се наоѓа под контрола на просветлен ум кој може да го препознае и цени небесното богатство. Оваа вера е неразделна од покајанието и преобразбата на карактерот. Да се има вера значи да се најде и прифати богатството на евангелието со сите обврски што ги наметнува”. – *Христовите поуки, 112.*

„Праведноста значи праведно постапување, зашто секому ќе му биде судено според неговите дела. Нашиот карактер се открива преку она што го правиме. Делата покажуваат дали нашата вера е вистинска.

Не е доволно само да веруваме дека Исус не е измамник и дека религијата на Библијата не е вешто смислена басна. Ние можеме да веруваме дека Исусовото име е единственото име под небото со кое човекот може да се спаси, но тоа не мора да значи дека сме го прифатиле со вера како личен Спасител. Не е доволно да се верува во теоријата на вистината. Не е доволно да ја искажеме со зборови нашата вера во Христа и да го запишеме нашето име во црковните книги. ‘И оној, што ги чува заповедите Негови, пребива во Него, и Тој - во него. А дека Тој пребива во нас, знаеме по Духот што ни Го дал’. ‘По тоа знаеме дека сме Го познале, кога ги чуваме Неговите заповеди’ (1. Јованово 3:24; 2:3). Ова е доказ за вистинското преобразување. Независно од тоа што исповедаме, ништо не вреди ако не го откриеме Христа во нашите дела на праведноста”. – *Христовите поуки, 312,313.*

**б. Која е разликата помеѓу вистинската вера и претпоставката? Галатјаните 5:6 (последен дел).**

„Вистинската вера го прашува Господа: ‘Што сакаш да направам?’ и кога Тој ќе го покаже патот, верата е подготвена да ја изврши Неговата волја, без оглед на тешкотиите и жртвите”. – *Counsels to Parents, Teachers, and Students, p. 183*.

„Претпоставката е сатански фалсификат на верата. Верата полага право на Божјите ветувања и донесува род во послушноста. Претпоставката, исто така полага право на ветувањата, но ги користи како што правел сатаната за да се правдаат престапите. Верата би ги навела нашите прародители да имаат доверба во Божјата љубов и да се покоруваат на Неговите заповеди. Претпоставката ги навела да го престапат Неговиот закон, верувајќи дека Неговата голема љубов ќе ги спаси од последиците на нивниот грев. Да се полага право на наклонетоста на Небото, а да не се исполнуваат условите под кои се дарува милоста тоа не е вера”. – *Копнежот на вековите, 126*.

## 4. ДАРОТ НА ЛЕКУВАЊЕ

**а. Кои биле главните активности на Исус за време на Неговата земна мисија? Матеј 4:23. Која била улогата на исцелувањето во Неговата служба? Матеј 4:24.**

___

„Во текот на Својата мисија, Исус посветил повеќе време во исцелување на болните, отколку во проповедање. Неговите чуда сведочат за вистинитоста на Неговите зборови, дека Тој не дошол да погуби, туку да спаси. Каде и да одел, пред Него оделе вестите за Неговата милост. Онаму, каде што поминал, сите што биле предмет на Неговото сочувство, се радувале на здравјето и ги испробувале своите новодобиени сили. Околу нив се собирале толпи, за од нивните усни да ги слушнат делата што Господ ги извршил. Неговиот глас, за многумина бил првиот звук што некогаш го слушнале; Неговото Име, првиот збор што го изговориле; Неговото лице, првото нешто што го виделе во животот. Како тогаш да не го сакаат Исуса и да не ја разгласуваат Неговата слава? Поминувајќи низ градовите и селата, Тој бил како животворна река, која насекаде шири живот и радост*". – Здравје и среќа, 19,20.*

**б. Кое дело било вклучено во Христовиот евангелски налог? Марко 16:17,18.**

„Начинот на кој Спасителот ги лекувал болните содржи поука за Неговите ученици. Во еден случај, на човекот кој бил слеп, му ги помазал очите со кал и му рекол: 'Оди и изми се во бањата Силоам... Тој отиде, се изми и се врати гледајќи' (Јован 9:7) Исцелувањето можело да се изврши само со силата на Големиот Исцелител, но Христос сепак користел едноставни средства од природата. Иако не давал поддршка на лекувањето со лекови, ја одобрил употребата на едноставни и природни лекови.

На мнозина болни кои примиле исцелување, Христос им рекол: 'Не греши повеќе за да не те снајде нешто полошо'. (Јован 5:14) Со тоа го потврдил учењето дека болеста е последица од кршењето на Божјите закони, во природен или духовен поглед. Кога луѓето би живееле во склад со планот на Создателот, во светот не би постоела големата беда...

Христос им дал на Израелците детални упатства во поглед на нивните животни навики и им дал цврсто ветување: 'Господ ќе ја отстрани од тебе секоја болест' (Второзаконие 7:15). Кога тие ги исполниле условите, им се потврдило ветувањето: 'И немаше ниту еден болен во нивните племиња' (Псалм 105:37)*". – Копнежот на вековите, 824.*

Четврток 19. мај

## 5. ДАРОТ НА ПРОРОШТВОТО

**а. Кое е местото на дарот на пророштвото меѓу другите дарови? 1 Коринтјаните 12:28. Амос 3:7.**

_______________________________________________________________

„Од самиот почеток, Божјата црква го поседувала дарот на пророштвото како жив глас кој советувал, опоменувал и поучувал. Ние сега стигнавме до последните денови од делувањето на третата ангелска порака, кога сатаната ќе работи со се поголема сила бидејќи знае дека неговото време е кратко. Во исто време, преку даровите на Светиот Дух, ќе ни бидат дадени ‘различни сили’ при излевањето на Духот. Ова е време на доцниот дожд*“ – Manuscript Releases, vol. 9, p. 278.*

**б. Колку е важен дарот на пророштвото за црквата денес? 2 Летописи 20:20.**

„Ни претстојат тешки времиња. Сите кои ја познаваат вистината треба да се пробудат и да се потчинат на Божјата дисциплина со телото, душата и духот. Непријателот ни е зад петиците. Мораме да бидеме будни и да се чуваме од него. Мораме да го земеме сето оружје Божјо. Мораме да се управуваме според упатствата кои ни ги дал Духот на пророштвото. Мораме да ја љубиме вистината за ова време и да ѝ се покоруваме. Тоа ќе нѐ спаси да не подлегнеме на силата на измамата. Бог ни говори преку своето Слово (Светото Писмо). Тој ни говори преку сведоштвата за црквата и преку оние книги во кои јасно ни се изложени нашите сегашни должности и ставот што денес треба да се заземе. Треба да се послушаат и да се примат предупредувањата кои ни се дадени, ред по ред, правило по правило. Каков изговор ќе дадеме ако ги отфрлиме.*“ – 8 Сведоштво, 298.*

Петок 20. мај

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како можам да извлечам поголема корист од Божјото ветување за Светиот Дух?**
2. **Каде можам да најдам поголема мудрост од Бога?**
3. **Како непријателот на душите би можел да ме зароби во замката на надменоста?**
4. **На кои начини можам повеќе да се развијам за да можам подобро да им помагам на другите во поглед на нивното здравје?**
5. **Како можам повеќе да го ценам дарот на пророштвото што му е даден на Божјиот народ?**

# „Уште подобар пат“

**„И не должете никому ништо освен да се сакате еден со друг; зашто оној што го љуби ближниот, го исполнува Законот... Љубовта не му прави зло на ближниот; и така, љубовта е исполнување на Законот“ (Римјаните 13:8,10).**

„Без оглед на тоа колку сесрдно ја исповеда верата, човекот, чиешто срце не е исполнето со љубов кон Бога и кон ближните, не е вистински Христов ученик“. – *Делата на апостолите, 318.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Делата на апостолите, 318,319.*

Недела 22. мај

## 1. НАЈГОЛЕМА ЗАПОВЕД

### а. Што го прашал Христа познавачот на Законот, и зошто? Матеј 22:36.

„Фарисеите ги возвишиле првите четири заповеди, кои укажуваат на должноста на човекот кон Творецот, како да имаат многу поголемо значење од останатите шест, кои ги одредуваат должностите на човекот кон ближните. Поради тоа, на нив мошне многу им недостигала практична побожност. Исус им укажал на луѓето на нивниот голем недостаток и ги поучувал за неопходноста на добри дела, велејќи дека дрвото се познава според своите плодови. Од таа причина, тие Го обвиниле дека ги издига вторите шест заповеди над првите четири“. – *Копнежот на вековите, 606.*

### б. Како Христос ги сумирал начелата на законот? Матеј 22:37-40.

„Првите четири од Десетте заповеди се сумирани во таа единствена голема заповед: ‘Љуби го својот Господ Бог со сето свое срце’. Последните шест се опфатени со другата заповед: ‘Љуби го својот ближен како самиот себеси’. Двете заповеди се израз на начелата на љубовта. Невозможно е да се држи првата, а втората да се престапува, ниту да се држи втората, а првата да се престапува. Ако Бог се наоѓа на местото што му припаѓа, ако се наоѓа на престолот на срцето, тогаш и нашиот ближен го добива местото што му припаѓа. Тогаш го љубиме како самите себеси. Само ако Го љубиме Бога над сè, можеме непристрасно да ги љубиме своите

## 2. ОСНОВНО НАЧЕЛО НА ЗАКОНОТ

**а. Како Павле го објаснува начинот на кој го исполнуваме законот? Римјаните 13:8-10.**

„Правдата е светост, сличност со Бога, а ‘Бог е љубов’ (1. Јованово 4:16). Таа е во согласност со Божјиот Закон ‘зашто сите Твои заповеди се праведни’ (Псалм 119:172), а ‘љубовта е исполнување на Законот’ (Римјаните 13:10). Правдата е љубов, а љубовта е светлина и живот Божји. Божјата правда е отелотворена во Христа. Примајќи го Него, ја примаме и правдата*”. – Мисли од горатa, 18.*

**б. Како можеме да имаме вистинска љубов? 1 Јованово 4:19.**

„Оние кои не знаат од лично искуство што значи нежната и привлечна Христова љубов, не можат ниту другите да ги доведат до тој извор на животот. Неговата љубов во срцето е движечка сила која луѓето просто ги гони да го објавуваат Христа со своите разговори, со својот нежен сочувствителен дух, настојувајќи да ги облагородат оние со кои се дружат. За да имаат вистински успех, христијанските работници мора да го познаваат Христа; а за да го запознаат него, мора да ја знаат Неговата волја и Неговата љубов. На небото корисноста на работниците се мери со нивната способност и подготвеност да сакаат како што сакал Христос и да работат како што работел Тој”. – *Делата на апостолите, 550.*

**в. Кое е божественото ветување на Новиот завет? Евреите 8:10-12. Кога е запишан Божјиот закон во нашето срце? Римјаните 5:1,5.**

„Прифаќањето на Христа му дава вредност на човечкото битие. Неговата жртва носи живот и светлина на сите кои го прифаќаат Христа како свој личен Спасител. Божјата љубов преку Исус Христос изобилно се шири во срцето на секој член на Неговото тело, носејќи ја со себе животната сила на законот на Бога Отецот. Така Бог може да живее со човекот, а човекот може да живее со Бога*”. – Selected Messages, bk. 1, pp. 299, 300.*

„Во новиот и подобар завет, Христос го исполнил законот за престапниците на законот, доколку Го примат со вера како личен Спасител... Милоста и простувањето се наградата за сите кои доаѓаат кај Христа, верувајќи во Неговите заслуги дека ги зема нивните гревови. Преку подобриот завет ние сме очистени од гревот со Христовата крв*”. – That I May Know Him, p. 299.*

## 3. СУШТИНСКАТА ПРИРОДА НА ЉУБОВТА

**а. Како Павле ја објаснува исклучителната важност на божествената љубов во нашето срце? 1 Коринтјаните 13:1-3.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Без оглед на тоа колку сесрдно ја исповеда верата, човекот, чиешто срце не е исполнето со љубов кон Бога и кон ближните, не е вистински Христов ученик. И ако има силна вера, дури и моќ да прави чуда, а ако нема љубов, неговата вера е безвредносна. Таквиот човек може да биде мошне дарежлив; но кога од некоја друга побуда, а не од вистинска љубов, би го разделил сиот свој имот за да ги нахрани сиромасите, со таа постапка сепак не би заслужил Божјо признание. Таквиот човек во своето одушевување би можел дури и да умре со смрт на маченик, но ако на тоа не би го поттикнала љубов, Бог би го сметал за заблуден занесеник или за славољубив лицемер“. – *Делата на апостолите, 318,319.*

**б. Кои особини Павле и ги припишува на љубовта? 1 Коринтјаните 13:4-7.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Најчиста радост произлегува од најдлабоката понизност. Најсилните и најблагородните карактери се изградени врз темелите на трпението, љубовта и потчинувањето на Божјата волја...

Христијанската љубов создава најповолни претпоставки за побудите и постапките на другите. Таа не укажува без потреба на нивните грешки, не слуша радо неповолни гласови, туку се труди да потсети на добрите особини на другите.

‘Љубовта не ѝ се радува на „неправдата, туку се радува со вистината; премолчува сè , на сè верува, на сè се надева, сè поднесува’. Таа никогаш не може да ја загуби својата вредност; таа е небесна особина. Оној што ја има ќе ја внесе како најскапоцено богатство и низ вратата на Божјиот град“. – *Делата на апостолите, 319.*

**в. Колку е делотворна и трајна божествената љубов? 1 Коринтјаните 13:8.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Најубав подарок што може да ни го даде нашиот небесен Отец е возвишената љубов кон Бога и несебичната меѓусебна љубов. Таа љубов не е некоја моментна побуда, туку божествено начело, постојана сила. Таа не може да се роди во едно непосветено срце. Таа е присутна само во срцето во кое владее Христос“. – *Делата на апостолите, 551.*

## 4. НЕОПХОДЕН УСЛОВ ЗА СЛУЖБА

**а. Какво прашање му поставил Христос на Петар пред да го врати во службата? Јован 21:15-17.**

„Христос на Петар му спомнал само еден услов за службата – ‘ме љубиш ли?’ Тоа е најсуштествена квалификација. Петар можел да ги има сите други особини, но без љубов кон Христа не би можел да биде верен пастир на Божјото стадо. Знаењето, добродушноста, речитоста, трудољубивото ревнување - сето тоа се особини неопходни за добро на делото; но без Христова љубов во срцето, делото на христијанскиот проповедник претставува само промашување.

Христовата љубов не е некакво непостојано чувство, туку живо начело кое мора да се покажува како непреодолива сила на срцето. Ако карактерот и однесувањето на еден потпастир се сообразени со вистините што ги проповеда, тогаш Господ врз неговото дело става печат на свое одобрување. Пастирот и стадото стануваат едно, обединети со заедничка надеж во Христа“. – *Делата на апостолите, 515,516.*

**б. Зошто Христос трипати му го повторил истото прашање на Петар? Јован 13:36-38; 18:17, 25–27.**

„Три пати Петар отворено се откажал од својот Господ и три пати Исус добил од него цврсто уверување за неговата љубов и лојалност, упатувајќи му го тоа прашање, како остра стрела во неговото рането срце. Пред насобраните ученици, Исус ја открил длабочината на Петровото покајание и покажал колку длабоко се понизил ученикот кој некогаш се фалел.

Петар по природа бил брз и избувлив и сатаната ги користел тие негови особини за да го совлада. Непосредно пред Петар да падне, Исус му рекол: ‘Еве, сатаната посака да може да ве просее како пченица, но Јас се молев за тебе твојата вера да не ослабне. А ти, кога ќе се обратиш, зацврсти ги своите браќа’. (Лука 22:31,32) Тоа време сега настапило и преобразувањето на Петар било очигледно. На отворените и толку болно поставени прашања, Учителот сега не добил ниту еден единствен непромислен и самоуверен одговор. Поради таа своја понизност и покајание, Петар бил подобро од кога било подготвен да делува како пастир на стадото...

Пред својот пад, Петар секогаш зборувал непромислено, според моменталната побуда. Секогаш бил подготвен да ги коригира другите и да донесува свој суд пред да има јасна претстава за себе или за она што треба да го каже. Меѓутоа, обратениот Петар бил многу поинаков. Тој го сочувал својот поранешен жар, но Христовата благодат правилно ја насочила неговата ревност“. – *Копнежот на вековите, 812.*

Четврток 26. мај

## 5. НОВА ЗАПОВЕД

### а. Иако несебичната љубов е вечна како и Бог, зошто била наречена „нова“? Јован 13:34.

„На последната средба со своите ученици, Исус изразил голема желба да се љубат еден со друг како што ги љуби Тој. Тој многупати зборувал за тоа. ‘Оваа заповед ви ја давам,’ повторувал Тој, ‘да се љубите еден со друг’. Кога биле сами со Него во горната соба, Неговиот прв налог бил: ‘Нова заповед ви давам: Да се љубите еден со друг, како јас што ве љубев вас, така и вие љубете се еден со друг’. За учениците оваа заповед била нова заради тоа што тие не се љубеле еден со друг онака како што Христос ги љубел нив. Тој видел дека со нив мораат да завладеат целосно нови идеи и нови побуди, дека мораат да спроведуваат нови начела во животот, преку Неговиот живот и смрт требало да стекнат поинаква претстава и нов поим за љубовта. Во Светлината на Неговата жртва, заповедта да се љубат еден со друг добила ново значење. Целокупното дело на благодатта е една постојана служба на љубов, самооткажување, еден постојан напор на самопожртвување. Божјата љубов се излевала преку Христа како незапирлива река за цело време на Неговиот престој на Земјата. Сите оние што се исполнети со Неговиот Дух ќе љубат онака како што љубел Тој. Во сите свои меѓусебни односи ќе се раководат според начелото со кое се раководел Христос“. – *Копнежот на вековите, 677,678*.

### б. Каков ќе биде резултатот од оваа љубов покажана во црквата? Матеј 24:14.

„Христос на својата црква ѝ доверил света задача. Секој верник треба да претставува канал низ кој Бог Христовото свето и безмерно богатство на својата милост може да ја излева врз овој свет. Повеќе од што било друго, Спасителот сака човечките орудија да бидат претставници кои пред овој свет ќе го откријат неговиот карактер и неговиот Дух. На светот ништо не му е толку потребно како објавувањето на љубовта на Спасителот преку човечките орудија. Цело небо со копнеж бара мажи и жени преку кои Бог ќе може да ја открие силата на христијанството“. – *Делата на апостолите, 600.*

Петок 27. мај

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Што нè учи втората камена плоча од Десетте заповеди?**
2. **Зошто можам да се радувам на добрата вест од Новиот завет?**
3. **Со кои карактеристики на љубовта треба поцелосно да бидам проникнат?**
4. **Која важна особина сакал Исус да ја поседува Петар во својата служба?**
5. **Што ќе се случи со мене кога ќе бидам проникнат со Христовиот Дух?**

## Дар во првата сабота за мисионерската школа во Руанда



Делото на Реформното движење на АСД стигна до Руанда во 2003. година преку социјалните мрежи, недолго по ужасниот масакр и геноцид во 1994. година во кој загинаа повеќе од милион луѓе за само 90 дена. Со Божја милост и тешки напори, браќата од Руанда сепак продолжуваат напред.

Во Божја сила, мисионерите од Руанда ја однеле пораката до околните земји како Бурунди, ДР Конго, Северен Киву, Јужен Киву и Уганда. Јазикот Кињарванда, кој го зборуваат околу 30 милиони луѓе кај овие народи, ја олесни работата на нашите браќа, кои досега допреа до три илјади души.

Меѓу нашите членови, само 10% знаат да зборуваат странски јазици - а налогот на Исус, нашиот Спасител, е дека треба да допреме до секој јазик на нашата планета. Јован во Откровението опишува: „И видов друг ангел како лета среде небото, кој имаше вечно Евангелие, за да им благовести на жителите земни, на секое племе и колено, јазик и народ“ (Откровение 14:6).

Затоа Унијата на Руанда одлучи да изгради мисионерска школа за да им помогне на сите овие земји да ги образуваат младите луѓе - и да им обезбеди не само духовно образование, туку и курсеви по англиски јазик, со што полесно ќе можат да ги отвораат книги на Духот на пророштвото и да развиваат вештини во мисионерската работа. Во Централна Африка, секој ден придобиваме души за Спасителот. Зголемувањето на мисионерската работа резултираше со зголемена потреба за обучени работници за да го завршат налогот даден од Спасителот. „Со таква војска правилно извежбани работници каква што би можела да биде нашата младина, колку брзу би можела да му се однесе на светот веста за распнатиот и воскреснат Спасител Кој наскоро ќе дојде“. - Воспитување, 271.

Почитувани браќа и сестри, ве молиме за финансиска помош во овој проект за да се исполни мисијата дадена од Христос, кој умре за нас. Нашиот свет се менува од ден на ден, а ние не знаеме уште колку долго ќе можеме да работиме, земајќи ги предвид сите климатски катастрофи и војни насекаде. Луѓето секој ден умираат, а Бог ќе праша секој од нас што направивме за да ги спасиме душите. Секој од нас ќе треба да одговори на тоа прашање.

Затоа секој од вас поединечно го молиме да се сети на нашиот проект за изградба на мисионерска школа за земјите од Централна Африка. Ви благодариме!

***Вашите браќа од мисијата на Унијата на Руанда***

# Евангелието и воскресението

**„Браќа, ви напоменувам за Евангелието, Кое ви го проповедав, а кое вие го примивте и во Кое стоите. Преку Него и се спасувате, ако Го држите како што ви проповедав, освен ако не сте поверувале напразно“ (1 Коринтјаните 15:1,2).**

„Висејќи на крстот, Христос бил евангелие. Сега ја имаме пораката: ‘Еве Го Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе’. Дали членовите на нашата црква постојано ќе ги држат очите кон распнатиот и воскреснат Спасител, во кого се насочени сите наши надежи за вечен живот? Ова е нашата порака, нашиот аргумент, нашата доктрина, нашата опомена до непокајаните, наше охрабрување до оние кои тагуваат, надеж за секој верник*“. – Manuscript Releases, vol. 21, p. 37.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Counsels to Parents, Teachers, and Students, pp. 22–24.*

Недела 29. мај

## 1. ОТЕЛОТВОРУВАЊЕ

**а. Како ангелите ја пренеле веста за Христовото раѓање - и што им заповедал Бог да прават? Лука 2:10,11; Евреите 1:6-8.**

______________________________________________________________________

„Кога ги слушнале тие зборови, умовите на пастирите биле исполнети со визии на слава. На Израел му дошол Спасителот! Неговото доаѓање за нив значело сила, издигнување, победа. Меѓутоа, ангелот морал да ги подготви да го препознаат Својот Спасител во сиромаштија и понижување“. – *Копнежот на вековите, 47.*

**б. Како било проречено Христовото раѓање? Исаија 7:14; Матеј 1:22,23.**

„(Исус) дошол за да ја покаже на нашиот свет таа слава. Дошол на оваа, од грев замрачена Земја, за да ја открие Светлината на Божјата љубов да биде ‘Бог со нас’. Затоа за Него е пророкувано: ‘И ќе го наречат Емануел’“. – *Копнежот на вековите, 19.*

## 2. СОВРШЕН ЖИВОТ

**а. Што ни е кажано за целиот Христов живот на земјата? Исаија 53:2-4; Лука 4:18,19; Дела 10:38.**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

„Целиот (Христов) живот бил вовед во Неговата смрт на крстот. Неговиот карактер бил живот на послушност кон сите Божји заповеди и требало да биде пример за сите луѓе на земјата. Со својот живот Тој го одржал законот во човечкото тело. Овој закон Адам го прекршил, но Христос со својата совршена послушност на законот, го откупил срамниот неуспех и падот на Адам“. – *Fundamentals of Christian Education, p. 382.*

„Христос, одраз на славата на Отецот, дошол на светот да биде светлина на светот. Дошол на луѓето да им го прикаже Бога“.– *Христовите поуки, 416.*

„Каде и да одел, Христос на Својот пат делел благослови. Колкумина од оние кои тврдат дека веруваат во Него ги научиле Неговите поуки за љубезноста, нежното сочувство и несебичната љубов?... Неговото трпение било неисцрпно, а Неговата љубов неограничена.

Христос нè повикува трпеливо и истрајно да се залагаме за илјадници што пропаѓаат во своите гревови, распрскани по сите земји како остатоци од брод на пуст брег“.– *9 Сведоштво, 31.*

**б. На крајот на Христовата мисија на земјата, што рекол Тој за Себе, и како тоа и нам може да ни биде од корист? Јован 8:46.**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

Светиот Божји Син бил единствениот кој имал доволна вредност во целост да ги задоволи барањата на Божјиот совршен закон...

Тој бил единствениот кој одел по земјата како човек и кој можел да им каже на сите луѓе: ‘Кој од вас Ме обвинува за грев?’ Тој, заедно со Отецот, учествувал во создавањето на човекот и имал моќ преку своето божествено совршенство на карактерот да го искупи гревот на човекот, да го подигне и да му го врати неговото првобитно достоинство“. – *Spirit of Prophecy, vol. 2, p. 10.*

## 3. ТОЈ УМРЕЛ ЗА ЧОВЕЧКИОТ РОД

**а. Опишете ја кулминацијата на евангелието и неговото влијание. 1 Коринтјаните 15:3.**

____________________________________________________________________

„Висејќи на крстот, Христос бил евангелие... Ако успееме да разбудиме интерес во умовите на луѓето и да ги натераме да погледнат кон Христос, можеме да се тргнеме настрана и да ги замолиме само да продолжат да гледаат кон Божјото Јагне. На тој начин ќе ја примат поуката: 'Ако некој сака да врви по Мене, нека се одрече од себе, нека го земе својот крст и нека Ме следи'. Оној, чии очи постојано се вперени во Исус ќе остави сè. Ќе умре за себичноста. Тој ќе верува во сето слово Божјо, кое е толку славно и чудесно возвишено во Христа". – *Manuscript Releases, vol. 21, p. 37.*

„Синот Божји бил отфрлен и презрен заради нас. Можеш ли, имајќи го во предвид крстот, гледајќи ги со очите на верата Христовите страдања, да зборуваш за твоите неволји, за твоите искушенија? Можеш ли во своето срце да негуваш омраза кон твоите непријатели додека Христовата молитва излегува од Неговите бледи и растреперени усни за Неговите хулители, за Неговите убијци: 'Оче, прости им, зашто не знаат што прават' (Лука 23:34)?". – *That I May Know Him, p. 65.*

**б. Кој е единствениот начин на кој некој може вечно да се спаси? Исаија 45:22; Јован 3:14-16,36; 2. Коринтјаните 5:21.**

„(Христос) бил без вина, но ја поднел казната на виновниците. Бил невин, но сепак се понудил себеси како замена за престапникот. Вината за секој грев се спуштила со сета своја тежина врз божествената душа на Откупителот на светот. Злите мисли, лошите зборови и лошите дела на секој син и ќерка на Адам, навлекле одмазда врз Него, затоа што Тој станал замена на човекот. Иако вината за гревот не била Негова, Неговиот дух бил растргнат и ранет од човечките престапи, и Оној кој не знаел за грев, станал грев за нас, за да можеме да станеме Божја праведност во Него". – *Selected Messages, bk. 1, p. 322.*

„Христовата смрт претставува доказ за големата Божја љубов кон човекот. Таа е залог и гаранција на нашето спасение. Да се отстрани крстот од христијанинот би значело исто што и да се отстрани сонцето од небото. Крстот нас нè води поблизу до Бога, нè помирува со него. Со длабоко чувство на татковска љубов Јехова ги гледа патилата и маките што ги претрпел неговиот Син на крстот за да го спаси човечкиот род од вечна смрт и да нè прими 'во љубениот'". – *Делата на апостолите, 209.*

## 4. ТОЈ ВОСКРЕСНА

**а. Какви прекрасни вести добиле Марија Магдалена и другите жени од ангелите? Лука 24:5-8.**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

„(Жените) само што сакале да побегнат, зборовите на ангелот ги запреле нивните чекори. Тој рекол: 'Не плашете се; Знам дека Го барате Исуса распнатиот. Тој не е овде, зашто воскресна како што кажа. Дојдете и видете го местото каде што Господ лежеше, па одете брзо и кажете им на Неговите ученици дека тој воскресна од мртвите'. Повторно погледнале во гробот и повторно ја слушнале прекрасната вест. Тука се наоѓал уште еден ангел во човечки лик и тој рекол: „Зошто го барате живиот меѓу мртвите? Тој не е овде, туку воскресна.'

Тој воскреснал, Тој воскреснал! Жените постојано ги повторувале тие зборови. Сега веќе не се потребни мириси за помазување. Спасителот е жив, и не е мртов. Сега се сетиле дека Исус, кога зборувал за Својата смрт, рекол и дека ќе воскресне. Колку бил прекрасен тој ден за овој свет! Жените брзо заминале од гробот и 'со страв и со голема радост потрчаа да им го јават тоа на Неговите ученици'". – *Копнежот на вековите, 789.*

**б. Колку е важно Христовото воскресение за планот на спасението? 1 Коринтјаните 15:4,12-20.**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

„Апостолот со сила на длабока убедливост ја изложил големата вистина за воскресението (1 Коринтјаните 15:13-20).

Мислите на Коринтјаните апостолот ги насочил кон победоносната зора на воскресението, кога сите умрени свети ќе станат за вечно да живеат со Господа". – *Делата на апостолите, 320.*

„Во Библијата читаме за Исусовото воскресение од мртвите; но дали се однесуваме како да веруваме во тоа? Дали веруваме дека Исус е живиот Спасител, дека не лежи во новиот гроб на Јосиф, со голем камен на влезот, туку дека воскреснал од мртвите, се искачил на височините, го грабнал пленот и им дал добри дарови на луѓето? Таму, во небесниот суд, Тој се залага за нашиот случај. Тој е таму затоа што ни треба пријател во небесниот двор, некој кој ќе биде наш застапник и посредник. Тогаш да се радуваме на тоа. За сè што имаме треба да го славиме Бога. Многумина судат за нивната верска состојба според нивните чувства; но ова не е безбеден критериум. Нашиот христијански живот не зависи од нашите чувства, туку од тоа дали ја имаме вистинската поддршка одозгора". – *The Review and Herald, March 8, 1892.*

Четврток 2. јуни

## 5. ТОЈ БИЛ ВИДЕН

**а. Колку луѓе биле сведоци на Христовото воскресение? Матеј 27:52-54; 1 Коринтјаните 15:5-8.**

____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________

„Кога Христос воскреснал, извел многу заробеници од гробот. Земјотресот при Неговата смрт ги отворил гробовите и кога Тој воскреснал, тие излегле со Него. Тоа некогаш биле Божји соработници, кои по цена на сопствениот живот, сведочеле за вистината. Сега требало да бидат сведоци за Оној, Кој ги воскреснал од мртвите...

Тие отишле во градот и се појавиле на многумина, зборувајќи: ‘Христос воскресна од мртвите и ние сме подигнати со Него’. Така била овековечена светата вистина за воскресението“. – *Копнежот на вековите, 786.*

**б. Што им е ветено на сите верни верници? 1 Коринтјаните 15:51-55; 1 Солуњаните 4:13-18.**

____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________

„Исус рекол: ‘Јас сум воскресението и животот’. Во Христа се наоѓа живот исконски, непозајмен, ненаследен. ‘Кој го има Синот, има живот’ (1. Јованово 5:12). Христовото божество е уверување на верникот за вечен живот. Исус рекол: ‘Кој верува во Мене, и ако умре, ќе живее. И ниту еден што живее и верува во Мене, нема да умре довека. Веруваш ли во ова?’ Овде Христос мисли на времето на Своето второ доаѓање. Тогаш мртвите праведници ќе воскреснат како нераспадливи, а живите праведници ќе се преобразат и вознесат на Небото, не вкусувајќи смрт“. – *Копнежот на вековите, 530.*

Петок 3. јуни

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Што нè учи Христовото отелотворување за понизноста?**
2. **Како може мојот живот поцелосно да го одразува животот на мојот Господ?**
3. **Како сцените на распнувањето треба да влијаат на мојот став?**
4. **Како треба Христовото воскресение да влијае на мојот став?**
5. **Што треба да сфатиме за важноста на Христовата божествена природа?**

# „Благодат и мир“

**„Благодат и мир од Бог Отецот наш, и Господ Исус Христос“ (2 Коринтјаните 1:2).**

„Сè и должиме на Божјата бесплатна благодат. Благодатта во заветот ни обезбеди посвојување. Благодатта во Спасителот го постигна нашето откупување, нашето обновување и нашето воздигнување како Христови наследници. Бог не нè љуби затоа што ние прво го засакавме; туку ‘уште додека бевме грешни’, Христос умре за нас, обезбедувајќи на тој начин целосна и изобилна подготовка за нашето откупување”. – *The Review and Herald, October 15, 1908.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Христовите поуки, 390-404.*

Недела 5. јуни

## 1. БЛАГОДАТ

### а. Кое е значењето на благодатта и кому му се нуди? Тит 2:11.

___

„Благодатта е Божја особина која се манифестира кон човечки суштества кои не ја заслужуваат. Ние не ја баравме, туку беше испратена да нè бара.

Божествената благодат е големиот елемент на спасоносната сила; без тоа сите човечки напори се бескорисни”. – *The Faith I Live By, p. 94.*

„Благодатта е незаслужен дар. Ангелите, кои ништо не знаат за гревот, не разбираат како е да се има благодат кон нив; но нашата грешност бара манифестација на благодатта од милостивиот Бог. Токму благодатта го испратила нашиот Спасител да нè бара додека скитавме и да нè врати во стадото”.– *Selected Messages, bk. 1, pp. 331, 332.*

### б. На кој начин единствено можеме да бидеме спасени? Ефесјаните 2:8,9.

„Ништо освен (Христовата) праведност не може да ни даде право на еден од благословите од заветот на благодатта... Не смееме да мислиме дека нашите доблести и заслуги ќе нè спасат; Христовата благодат е нашата единствена надеж за спасение”. – *Selected Messages, bk. 1, pp. 351.*

## 2. БЛАГОДАТ КОЈА НÈ ОПРАВДУВА

### а. Која е основата на нашето оправдување пред Бога? Римјаните 3:24-26.

___

___

„Дали сте во Христа? Не сте ако не признаете дека сте заблудени, беспомошни, осудени грешници. Не сте ако се воздигнувате и славите себеси. Ако во вас има нешто добро, тоа може да се припише исклучиво на милоста на сочувствителниот Спасител. Вашето потекло, вашиот углед, вашето богатство, вашите способности, вашите доблести, вашата побожност, вашето човекољубие и сè што е во вас, нема да оформи врска помеѓу вашата душа и Христа. Вашата поврзаност со црквата, начинот на кој браќата гледаат на вас, нема да биде ниту од било каква корист ако не верувате во Христа. Не е доволно да верувате за Него, вие морате да верувате во Него. Морате потполно да се потпрете на Неговата спасоносна благодат“. *– 5 Сведоштво, 48,49.*

### б. Кој е моменталниот резултат од оправдувањето? Римј. 5:1-3.

„Кога покајниот грешник, скрушен пред Бога, ќе го признае Христовото помирување во негова корист и ќе ги прифати ова помирување како своја единствена надеж во овој и во идниот живот, неговите гревови се проствуваат. Ова е оправдување со вера. Секоја верна душа треба својата волја целосно да ја усогласи со Божјата волја, и да остане во состојба на покајание и скрушеност, да практикува вера во откупувачките заслуги на Искупителот и да напредува од сила во сила, од слава во слава.

Простувањето и оправдувањето се една иста работа. Преку вера, верникот преминува од позиција на бунтовник, дете на гревот и сатаната, во позиција на верен поданик на Исус Христос, не поради неговата вродена добрина, туку затоа што Христос го прифаќа како свое дете преку посвојување. Грешникот добива простување на своите гревови затоа што тие гревови ги сноси неговиот Заменик и Гарант. Господ му вели на својот небесен Отец: ‘Ова е Моето дете. Го ослободувам од смртната казна и со мојот живот му гарантирам вечен живот, затоа што Јас го заседов неговото место и страдав за неговите гревови. Тој сега е мојот сакан син’. Така човекот, помилуван и облечен во прекрасните облеки на Христовата праведност, стои непорочен пред Бога...

Оправдувањето е спротивно на осудата. Бескрајната Божја милост се покажува кон оние кои не ја заслужуваат целосно. Тој ги простува престапите и гревовите поради Исус, кој стана помирување за нашите гревови. Преку верата во Христа, престапникот добива Божја наклоност и силна надеж за вечен живот“. *– The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 6, pp. 1070, 1071.*

## 3. БЛАГОДАТ КОЈА НÈ ПОСВЕТУВА

**а. Како може верникот да го победи гревот? Римјаните 6:1,2,14.**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

„Христовото откупување не е само вешт начин да се простат нашите гревови; тоа е божествен лек за лекување на престапите и обновување на духовното здравје. Тоа е средство од небо одредено со кое ние не само што можеме да ја облечеме Христовата праведност како облека, туку и да ја примиме и во нашите срца и карактери...

Откупнината ја платил нашиот Спасител. Никој повеќе не треба да биде роб на сатаната. Христос стои пред нас како наш божествен пример, како наш семоќен помошник. Ние сме откупени по цена која е невозможно да се пресмета. Кој може да ја измери добрината и милоста на искупителната љубов?...

Нека оние кои го примиле Божјиот отпечаток преку крштевањето ги слушаат овие зборови (2 Коринтјаните 6:14-18), имајќи на ум дека Господ го ставил својот потпис на нив, прогласувајќи ги за свои синови и ќерки.

Отецот, Синот и Светиот Дух, сезнајни и семоќни сили, ги примаат оние кои искрено стапуваат во заветен однос со Бога. Тие присуствуваат на секое крштевање, за да ги примат кандидатите кои се откажале од светот и го примиле Христа во храмот на својата душа. Овие кандидати влегуваат во Божјото семејство и нивните имиња се запишани во книгата на животот на Јагнето“ (Лука 23:34)?“ – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 6, pp. 1074, 1075.*

**б. Како можеме да бидеме сигурни во победата во нашиот духовен живот? 2 Коринтјаните 12:9.**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

„Без Христовата благодат, грешникот е во безизлезна состојба; ништо не може да се направи за него; но со божествената благодат му се дава натприродна сила... Токму преку давањето на Христовата благодат, гревот се препознава во сите негови гадости и конечно се протерува од храмот на душата. Преку благодатта ние сме доведени во заедница со Христос, за да се вклучиме со Него во делото на спасението“. – *God’s Amazing Grace, p. 265.*

„Мораме да се потпираме на Исуса секој ден и секој час. Тој ни ветил дека нашата сила ќе трае додека траат нашите денови. Со Неговата благодат ние можеме да ги носиме сите товари на сегашноста и да ги извршиме своите должности“. – *5 Сведоштво, 200.*

## 4. САМОПРЕДАВАЊЕ

**а. Што се случува кога целосно ќе му се предадеме на Христа? Матеј 11:28-30.**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

„Дали си во искушение? Тој ќе те ослободи. Дали си слаб? Тој ќе те зајакне. Дали си во незнаење? Тој ќе те просветли. Дали си ранет? Тој ќе те исцели. Господ ‘го знае бројот на ѕвездите’ па Сепак, ‘Тој ги лекува оние што се со скршено срце и ги преврзува нивните рани’. (Псалм 147:4,3) ‘Дојдете кај Мене’ е Неговиот повик. Какви и да се вашите стравувања и неволји, изнесете го својот случај пред Господа. Вашиот дух ќе биде засилен да издржи. Пред вас ќе се отвори пат по кој ќе се спасите од засраменоста и тешкотиите. Колку повеќе се чувствувате слаби и немоќни, толку повеќе ќе станете посилни во Неговата сила. Колку се потешки вашите бремиња, толку поблагословен е одморот, кога ќе го ставите товарот врз Носителот на бремињата. Одморот што Христос го дава зависи од услови, но тие услови се јасно одредени. Тоа се услови што сите можат да ги исполнат. Тој точно ни кажува како можеме да најдеме одмор во Него“. – *Копнежот на вековите, 329.*

**б. Колку стануваме силни кога сме поврзани со Исус? Јован 15:5.**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

„Кога душата ќе му се предаде на Христа, тогаш со новото срце владее нова сила. Се извршува промена која човекот со свои сили никогаш не може да ја оствари. Тоа е целосно натприродна појава, која внесува еден натприроден елемент во човечката природа. Душата што му се предава на Христа станува Негова тврдина, која Тој ја држи во еден бунтовен свет и Тој не сака во неа да се признае некоја друга власт освен Неговата. Душата која се држи така во поседот на небесните сили, е несовладлива за нападите на сатаната. Но ако не се предадеме под контрола на Христа, над нас ќе владее злиот. Неминовно мораме да бидеме под власт на едната или на другата голема сила, кои се борат за превласт во светот. Не е неопходно да избереме служба на царството на темнината за да потпаднеме под нејзина власт. Доволно е само да занемариме да се соединиме со царството на светлината. Ако не соработуваме со небесните сили, сатаната ќе го заземе срцето и ќе го направи свое живеалиште. Единствена одбрана против злото е Христос да престојува во срцето преку вера во Неговата праведност“. – *Копнежот на вековите, 324.*

Четврток 9. јуни

## 5. ЖИВОТНА ПОВРЗАНОСТ

### а. Како можат грешните луѓе да станат праведни пред Бога? Јован 15:5-8.

„Праведноста која Христос ја проповедал се состои во прилагодување на срцето и животот со откриената Божја волја. Грешните луѓе можат да станат праведни, само ако имаат вера во Бога и одржуваат животна врска со Него. Тогаш вистинската побожност ќе ги возвиши мислите и ќе го облагороди животот. Тогаш надворешните форми на религијата ќе бидат во согласност со внатрешната христијанска чистота. Тогаш обредите што се извршуваат во Божјата служба нема да бидат бесмислени церемонии, како оние на лицемерните фарисеи“. – *Копнежот на вековите, 310.*

### б. Како можеме да останеме во Христа? Јован 15:9-11.

„Поврзаноста на прачката со лозата, рекол Тој, ја претставува врската што вие треба да ја одржувате со Мене. Калемот се калеми на жива прачка и влакно по влакно, жиличка по жиличка зараснува со лозата. Животот на лозата претставува живот на прачката. Така и душата, мртва заради престапот и гревот, добива живот преку врската со Христа. Таа врска се создава со вера во него како во личен Спасител. Грешникот ја обединува својата немоќ со Христовата сила, својата празнина со Христовото изобилство, својата слабост со Христовата неминлива моќ. Тогаш тој добива Христов ум... На тој начин преку Светиот Дух човекот станува учесник во божествената природа и е прифатен во Саканиот.

Тоа единство со Христа, еднаш воспоставено, мора да се одржува. Христос рекол: ‘Бидете во Мене и Јас ќе останам во вас. Како прачката што не може да роди род сама од себе ако не биде на лозата, така ни вие, ако не останете во Мене’. Тоа не е никаков случаен допир, никаква минлива врска. Гранката станува дел од живата лоза. Пренесувањето на животот, на силата и плодноста од лозата на прачката е непречено и постојано. Ако се одвои од лозата, прачката не може да живее. „Исто така,“ рекол Исус, ‘вие не можете да живеете одвоено од Мене. Животот што го добивте од Мене може да се одржи единствено во заедница со Мене. Без Мене не можете да совладате ниту еден грев, не можете да се спротивставите ниту на едно искушение’“. – *Копнежот на вековите, 676.*

Петок 10. јуни

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Зошто е толку важно за нас да ја цениме Божјата благодат?**
2. **Како искушенијата ме зајакнуваат во моето христијанско искуство?**
3. **Како неверојатната благодат ме води дома, во небесниот Ханаан?**
4. **Објаснете ја моќта на целосно предавање на Христа?**
5. **Зошто Исус се споредува себеси со лоза?**

# Новозаветна служба

**„Но овој е заветот што ќе му го дадам на домот Израелов во оние дни, вели Господ: ќе ги врежам законите Свои во мислите нивни, и во срцата нивни ќе ги напишам, и ќе бидам нивни Бог, а тие ќе бидат Мој народ“ (Евреите 8:10).**

„Новиот завет е заснован на ‘подобри ветувања’ - на ветување за проштавање на гревот и за божествена милост која е во состојба да го прероди срцето и да го доведе во хармонија со начелата на Божјиот закон“. – *Патријарси и пророци, 372.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Патријарси и пророци, 370-373.*

Недела 12. јуни

## 1. СТАРИОТ ЗАВЕТ

**а. Кога биле објавени Десетте заповеди на планината Синај, какво ветување дал израелскиот народ? Излез 19:8; 24:7.**

______________________________________________________________________

„(Израелците) не ја увидувале грешноста на своето сопствено срце и фактот дека без Христа не е можно да се држи Божјиот закон. Затоа биле готови веднаш и без премислување да склучат сојуз (завет) со Бога. Уверени дека можат сами ‘да ја утврдат својата правда’, изјавиле: ‘Сѐ, што рекол Господ, ќе правиме и ќе бидеме послушни’ (Излез 24:7)“. – *Патријарси и пророци, 371,372.*

**б. Кои биле условите на Заветот воспоставен на Синај? Езекиел 20:11; Левитска 18:5; Второзаконие 27:26.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**в. Каде Бог ги напишал Десетте заповеди и зошто луѓето не можеле да го одржат своето ветување? Излез 31:18; Римјаните 10:3; 9: 30-32.**

„(Свештениците и поглаварите) сметале дека нивната лична праведност е сосем доволна и не сакале да внесуваат никаков нов елемент во својата вера“. – *Делата на апостолите, 15.*

## 2. СМРТОНОСНО СЛУЖЕЊЕ

**а. Зошто Павле ги нарекува Десетте заповеди „смртоносно служење“? 2 Коринтјаните 3:7.**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

„Славата на Мојсеевото лице била крајно болна за синовите на Израел поради нивното престапување на Божјиот свет закон. Ова е илустрација на чувствата на оние кои го прекршуваат Божјиот закон“. – *Selected Messages, bk. 1, p. 232.*

„(Мојсеј) видел дека само преку Христа човекот може да го држи моралниот закон. Со прекршување на овој закон, човекот го донел гревот во светот, а со гревот дошла и смртта.

Гледањето на целта на она што требало да се отстрани, гледањето на Христа откриен во законот, било она што го осветлило лицето на Мојсеј. Службата на законот, напишана и врежана во камен, била служба на смртта. Без Христа, престапникот останал под негово проклетство, без надеж за помилување. Службата сама по себе немала слава, но ветениот Спасител, откриен во симболите и сенките на церемонијалниот закон, го направил моралниот закон славен“. – *Selected Messages, bk. 1, p. 237.*

„(Израелците) сакале Мојсеј да биде нивен посредник. Тие не разбрале дека Христос е нивен посредник и дека без Неговото посредување, тие сигурно ќе бидат уништени“. – *Selected Messages, bk. 1, p. 238.*

**б. Каква е вистинската состојба на целиот човечки род? Римјаните 3:23; 6:23 (прв дел).**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

„Божјата реч изјавува: ‘Сите згрешија и лишени се од славата Божја’ (Римјаните 3:23). ‘Нема кој да прави добро, нема ниту еден’ (Римјаните 3:12). Многумина се измамени во врска со состојбата на нивните срца. Тие не сфаќаат дека природното срце е лукаво и е наполно расипано. Тие се обвиткуваат со сопствената праведност и се задоволни со достигнувањето на сопствениот човечки стандард на карактерот; но колку е страшен нивниот неуспех кога не го достигнуваат божествениот стандард и сами по себе не можат да ги исполнат Божјите барања.

Можеме да се мериме со себе, можеме да се споредуваме меѓу себе, можеме да кажеме дека правиме добро како овој или оној, но прашањето на кое судот ќе бара одговор е дали ги исполнуваме барањата на возвишеното небо? Дали го достигнавме божествениот стандард? Дали нашите срца се во склад со небесниот Бог?“ – *Selected Messages, bk. 1, p. 320,321.*

## 3. УСЛОВИТЕ И БЛАГОСЛОВИТЕ НА НОВИОТ ЗАВЕТ

### а. Кои се условите на Новиот завет? Евреите 8:10-12.

„Заветот на милоста првпат е склучен со човекот во Едем, по сторениот грев, кога е дадено божествено ветување дека семето на жената ќе ѝ стапне на змијата на главата. Тој сојуз на сите луѓе им нудел проштавање и поддршка од Божјата милост со цел во иднина, со вера во Христа да можат да бидат послушни. Ветен им е вечен живот под услов да му останат верни на Божјиот закон. На тоа патријарсите ја засновале својата надеж во врска со спасението.

Истиот тој завет бил обновен со Аврама во ветувањето: ‘И ќе бидат благословени преку потомството твое сите народи на земјата’ (Создавање 22:18). Тоа ветување укажувало на Христа. Аврам така и го сфатил (види Галатјаните 3:8,16), па од Христа и очекувал проштавање на гревот. Таа вера му е засметана во праведност. Заветот склучен со Аврама исто така ја поддржувал важноста на авторитетот на Божјиот закон. Господ му се јавил на Аврама велејќи: ‘Јас сум Ел-Шадај – Бог семоќен, чекори по Мојот пат и биди непорочен’ (Создавање 17:1). Божјото сведоштво за неговиот верен слуга гласело: ‘Авраам го послуша гласот Мој и се покоруваше на заповедите Мои, на наредбите Мои и на законите Мои’ (Создавање 26:5)...

Иако тој завет бил склучен со Адама и обновен со Аврама, сепак не можел да биде потврден сè до Христовата смрт. Според Божјото ветување, заветот постоел откако било дадено првото навестување за откуп; бил прифатен со вера; сепак, откако е потврден од Христова страна, се вика нов завет. Божјиот закон бил основа на тој завет, кој всушност е само едно средство човекот пак да стапи во хармонија со Божјата волја на тој начин што е ставен во положба која му овозможува да биде послушен на Божјиот закон“. – *Патријарси и пророци, 370,371.*

„Новиот завет се заснова на ‘подобри ветувања’ - на ветувањето за простување на гревовите и за Божјата благодат која е во состојба да го обнови срцето и да го доведе во хармонија со начелата на Божјиот закон“. – *The Faith I Live By, p. 78.*

### б. Кој е Божјиот народ, според овој завет на милоста? Евреите 8:10; Исаија 51:7.

„Благодарение на Христовата милост, ним им е овозможено да му се покоруваат на Божјиот закон. Така Бог во секое време меѓу отпадниците и бунтовниците собира и изведува еден народ кој му е верен нему - народ ‘Кој во срцето свое го има Мојот закон’ (Исаија 51:7)“. – *Патријарси и пророци, 338.*

## 4. СЛУЖБАТА НА НОВИОТ ЗАВЕТ

**а. Како Павле ја опишува службата на заветот на милоста? 2 Коринтјаните 3:4-6; Колосјаните 1:25-29.**

„Каква света доверба ни дал Бог, со тоа што нѐ направи Негови слуги за да помогнеме во делото на спасување души! Тој ни ги доверил големите вистини, најсвечената, пробна порака за светот. Наша должност не е само да проповедаме, туку да служиме, да се приближиме до срцата. Талентите што ни се доверени треба да ги користиме вешто и мудро за да можеме да ја прикажеме скапоцената светлина на вистината на најпријатен начин, на начин кој е најсоодветен за привлекување души...

Каква одговорност е ова! Овде е претставено дело кое вклучува многу повеќе од едноставно проповедање на зборот; тоа е да го претставиме Христа во нашиот карактер, да бидеме живи посланија, кои ќе ги познаваат и читаат сите луѓе.

Господ е Тој што нѐ повикал на ова дело, и ние треба да гледаме само на Неговата слава. Не смееме да се потпираме на нашите сопствени напори, како ние да можеме да ги преобратиме душите. Само Бог може да убеди и преобрати. Исус ги повикува грешниците да дојдат кај Него со сите нивни товари и Тој ќе им даде одмор и мир“. – *Gospel Workers (1892), pp. 422, 423.*

**б. Што рекол Петар во врска со оваа служба? 1 Петрово 5:1-5.**

„Големиот Пастир има свои потпастири, на кои им ја доверува грижата за своите овци и јагниња. Првата задача што Христос му ја доделил на Петар, откако го вратил во службата била: ‘Паси ги јагненцата Мои’ (Јован 21:15). Ова била задача во која Петар немал големо искуство; тука се барало голема грижа и нежност, многу трпение и упорност. Со ова тој бил повикан да им служи на децата и младите, а особено на младите во верата, да ги поучува неуките, да им го отвори Светото Писмо и да ги воспитува да бидат корисни во Христовата служба. Дотогаш Петар не бил способен за оваа работа, па дури и да ја разбере нејзината важност.

Прашањето што Христос му го поставил на Петар е значајно. Тој спомнал само еден услов за ученииштво и служба. ‘Ме љубиш ли?’ Ова е главниот услов. Иако Петар можел да ги поседува сите други, без Христовата љубов тој не би можел да биде верен пастир на Господовото стадо. Знаењето, добрата волја, елоквентноста, благодарноста и ревноста – се помошници во добрите дела, но без љубовта кон Исус во срцето, работата на христијанскиот слуга ќе се покаже како неуспешна“. – *Gospel Workers, pp. 182, 183.*

Четврток 16. јуни

## 5. ПОКРИВАЛО

**а. Зошто Мојсеј морал да стави покривало на лицето пред да му се обрати на народот, и зошто е тоа важно? Излез 34:29-35; 2 Коринтјаните 3:12,13.**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

„Самиот Мојсеј не бил свесен за сјајната слава што се одразувала на неговото лице и не знаел зошто синовите на Израел побегнале од него кога тој им се приближил. Ги повикал кај себе, но тие не се осмелиле да го погледнат славното лице. Кога Мојсеј дознал дека народот не може да го погледне неговото лице, поради неговата слава, го покрил со покривало...

Оние кои го негуваат ставот дека немало Спасител во Стариот Завет, имаат подеднакво мрачно покривало над нивното разбирање, како и Евреите кои го отфрлиле Христа... Од друга страна, христијанската црква, која исповеда целосна вера во Христа, презирајќи го еврејскиот систем, практично се откажува од Христа, кој бил основачот на целиот тој систем“. – *Selected Messages, bk. 1, p. 232.*

**б. Како може да се отстрани ова покривало од нашите очи? 2. Коринтјаните 3:14-16.**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

„Славата што блескала на Мојсеевото лице била одраз на Христовата праведност во законот. Самиот закон не би имал слава, доколку не бил отелотворен во Христа. Законот нема моќ да спаси. Тој нема свој сјај, но преку Христа е претставен како полн со праведност и вистина...

На Мојсеј му било откриено значењето на симболите и сенките кои укажувале на Христа. Тој го видел крајот на она што требало да престане кога, при Христовата смрт, типот ќе се сретне со антитипот. Тој видел дека само преку Христа човекот може да го држи моралниот закон“. – *Selected Messages, bk. 1, p. 237.*

Петок 17. јуни

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како проблемот на Израелците со Божјиот морален закон често се повторува денес?**
2. **Зошто е толку неразумно да се споредуваме меѓу себе?**
3. **Објаснете ја моќта што се наоѓа во Новиот завет.**
4. **Опишете го библискиот став кон новозаветната служба.**
5. **Што му носи слава на Божјиот морален закон?**

# Христови пратеници

**„Па така, ние сме Христови пратеници, како Бог да зборува преку нас. Ве молиме во името на Христос: помирете се со Бога“. (2 Коринтјаните 5:20).**

„ И по своето вознесение Христос го продолжил своето дело преку одбрани пратеници преку кои Тој им зборува на луѓето и се грижи за нивните потреби. Големиот Поглавар на црквата го надгледува своето дело со помош на човечки орудија, одбрани од Бога, да дејствуваат како негови претставници“.– *Делата на апостолите, 360.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Делата на апостолите, 359-371.*

Недела 19. јуни

## 1. БОЖЈИОТ СУД

**а. На кого ќе му биде судено на Божјиот суд? 2 Коринтјаните 5:10; Римјаните 14:12; Даниел 7:9,10.**

„Така на пророкот во видение му е покажан големиот и свечен ден во кој Судијата на целиот свет ќе го прегледа карактерот и животот на секој човек и кога ќе му биде дадено ‘на секого според делата негови’ (Откровение 22:12). Старецот е Бог Отецот. Псалмистот вели: ‘Дури уште пред да се појават горите, и пред создавањето на Земјата и на вселената, отсекогаш и засекогаш Ти си Бог’ (Псалм 90:2). Оној кој претставува извор на сѐ што постои и основа на сите закони, претседава со овој суд“. – *Големата борба, 479.*

„(Павле) нагласил дека сигурно ќе дојде судниот ден кога сите ќе бидат наградени според своите дела направени во телото, и кога јасно ќе се открие дека богатството, власта, општествената положба и звањето се немоќни на човекот да му обезбедат божествена наклоност или да го ослободат од последиците на сторените гревови. Покажал дека овој живот за човекот претставува само време на подготовка за идниот живот. Ако не ги искористи предимствата и приликите што му стојат на располагање сега, човекот може да претрпи вечна загуба, зашто нема да му се даде ново време на милост и проверка“. – *Делата на апостолите, 424.*

## 2. ОСЛОБОДЕНИ НА СУДОТ

**а. На кого прво ќе му биде судено? 1 Петрово 4:17,18.**

______________________________________________________________________

**б. Како ние можеме да бидеме ослободени на судот? Јован 3:16,17; 5:24; Римјаните 8:1.**

______________________________________________________________________

„Покрај имињата на оние кои вистински се покајале за своите гревови и кои со вера ја признале Исусовата крв како своја жртва на исчистување, во небесните книги ќе биде забележано ‘простување’. Бидејќи станале учесници во Христовата правда и се утврдило дека нивниот карактер е во хармонија со Божјиот закон, нивните гревови ќе бидат избришани, а тие прогласени достојни за вечен живот. Господ кажува преку пророкот Исаија: ‘А Јас, Јас Сам ги бришам твоите престапи заради Самиот Себе и гревовите твои нема да ги спомнам’ (Исаија 43:25). Исус рекол: ‘Кој победува ќе биде облечен во бела облека, и нема да му го избришам името негово од книгата на животот, туку ќе го признам името негово пред мојот Отец и пред Неговите ангели’. ‘И така, секој што ќе Ме признае Мене пред луѓето, ќе го признам и јас него пред Мојот Отец небесен. А кој ќе се одрече од Мене пред луѓето, и јас ќе се одречам од него пред Мојот Отец небесен’“ (Откровение 3:5; Матеј 10:32,33)“. – *Големата борба, 483.*

**в. Кои се главните услови за некој да биде ослободен? Изреки 28:13; 1. Јованово 1:9; Дела 3:19.**

„Вистина е дека мора да има покајание пред да има помилување, но грешникот мора да дојде кај Христа пред да најде покајание. Христовата доблест е таа што ја зајакнува и просветлува душата за да биде богоугодно и прифатливо покајанието. Петар јасно го кажал ова кога рекол за Христа: ‘Бог со десницата Своја Го возвиси Него, Зачетникот и Спасителот, за да му даде покајание и простување на гревовите на Израел’. Покајанието е исто толку Христов дар како и простувањето на гревовите. Покајанието не може да се доживее без Христа; бидејќи токму покајанието, што доаѓа од Него, е темелот на кој можеме да бараме прошка. Преку дејството на Светиот Дух луѓето се доведуваат до покајание. Од Христа доаѓа благодатта на покајанието, како и дарот на простувањето, а покајанието и простувањето на гревовите се обезбедуваат само преку искупителната крв Христова. Оние на кои Бог им простува, Тој прво ги прави да се покајат“. – *The Youth’s Instructor, December 6, 1894.*

## 3. НОВО РАЃАЊЕ

**а. Каква порака му упатил Исус на еден верски водач? Јован 3:3-5. Кога и на кој начин грешникот повторно се раѓа? Јован 1:12,13.**

_______________________________________________________________

„Кога вистината ќе стане непоколебливо животно начело, луѓето стануваат 'новородени не од распадливо семе, туку од нераспадливата жива и вечна Божја реч'. Таа преродба настапува ако Христос се прими како Божја реч. Кога божествените вистини ќе се втиснат во срцето со помош на Светиот Дух, тие создаваат нови сфаќања, а силите, до тогаш успиени, се будат и соработуваат со Бога". – *Делата на апостолите, 520.*

**б. Кога треба да го доживееме искуството на ново раѓање и умирање за гревот? 1 Коринтјаните 15:31.**

_______________________________________________________________

„Ако небото се стекнува со страдање, тогаш тоа ќе биде доста евтино. На тој пат мораме постојано да се одречуваме од себеси и секој ден да умираме за себеси, гледајќи само на Исуса и имајќи ја пред очи постојано Неговата слава. Видов дека оние кои неодамна ја примиле вистината мораат да знаат што значи да се трпи заради Христа, и дека ќе бидат изложени на болни искушенија и делкања, за да се очистат низ сите тие страдања и да се подготват да можат да го примат печатот на живиот Бог, да го издржат времето на неволјите, да го видат Царот во Неговата убавина и да живеат во присуство на Бога и чистите, свети ангели". – *Рани списи, 67.*

**в. Што се случува кога човек повторно ќе се роди? 2 Коринтјаните 5:14-17.**

„Откупот што го платил Христос е доволен за спасение на сите луѓе; но тоа ќе биде корисно само за оние кои стануваат нови созданија во Исус Христос, верни поданици на вечното Божјо царство. Неговото страдање нема да го заштити од казна непокајаниот, нелојален грешник.

Христовото дело е да го врати човекот во неговата првобитна состојба, да го излекува со божествената сила од раните и модринките нанесени од гревот. Уделот на човекот е со вера да се фати за Христовите заслуги и да соработува со божествените орудија во формирање на праведен карактер; за да може Бог да го спаси грешникот, а сепак да биде праведен и да го оправда Неговиот праведен закон". – *Fundamentals of Christian Education, p. 430.*

## 4. СЛУГИ НА ПОМИРУВАЊЕТО

**а. Како можеме да се помириме со Бога? Ефесјаните 2:11-13,16; Евреите 2:17,18.**

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

„Оддалечете се од гласот на сатаната и престанете да ја вршите неговата волја и застанете на страната на Исус, поседувајќи ги особините на Оној кој се одликува со проникливост и префинети чувства, кој е способен да се поистоветува со случајот на несреќните и измачени души. Човекот на кого многу му е простено, многу и ќе љуби. Исус е сочувствителен Посредник, милостив и верен Првосвештеник. Тој, Небесното Величество - Царот на славата - гледа во ограничениот човек изложен на сатанските искушенија, знаејќи дека и самиот ја почувствувал моќта на сатанските измами“. – *Christian Education, p. 160.*

**б. Што стануваме кога повторно ќе се родиме и ќе се помириме со Бога? 2 Коринтјаните 5:18,19.**

„И проповедниците и обичните членови треба да ја проучуваат Библијата и да разберат како да постапат во однос на грешниците“. – *The Review and Herald, January 3, 1893.*

„Милостивите се ‘учесници во Божјата природа’ (2. Петрово 1:4), и во нив Божјата љубов, полна со сочувство, доаѓа до израз. Сите оние чии срца сочувствуваат со срцето на бескрајната Љубов, ќе се трудат да насочат кон подобар пат, а не да осудат. Христос кој престојува во душата е непресушен извор. Таму каде што Тој пребива, таму се прелева од добродетелство.

Кога заблудените, сироти жртви на искушенијата, страстите и гревот, повикуваат за помош, вистинскиот христијанин не прашува: Дали тие се достојни? туку, што можам да сторам за нивно добро? Во најбедните и нај понижените тој гледа души за чие спасение Христос умрел и поради кои Бог на своите деца им ја доверил службата на помирување“. – *Мисли од горaта, 22.*

„Со својата рамнодушност, многу членови на црквата го жалостат Светиот Дух. Наместо Христа, тие треба да ги молат другите да се помират со Бога. Небесните орудија се подготвени да соработуваат со оние кои се ангажирани во делото Господово. Светиот Дух чека да се соедини во сочувство со секој вистински верник и да го направи Божји соработник. Нека не се занемаруваат средствата кои ќе ја унапредат работата која треба да се заврши. Во нашите редови не смее да има самовозвишување, туку многу повеќе молитви“. – *The Paulson Collection, p. 118.*

Четврток 23. јуни

## 5. ПРАТЕНИЦИ

**а. Откако станавме слуги на помирувањето, каква задача добиваме од Господ? 2 Коринтјаните 5:20.**

„Господ ги праќа своите претставници со порака на спасението и сите што ја чуле таа порака ги смета за одговорни за ставот што го зазеле кон зборовите на Неговите слуги“. – *Делата на апостолите, 232.*

„И по своето вознесение Христос го продолжил своето дело преку одбрани пратеници преку кои Тој им зборува на луѓето и се грижи за нивните потреби. Големиот Поглавар на црквата го надгледува своето дело со помош на човечки орудија, одбрани од Бога, да дејствуваат како негови претставници.

Положбата на луѓето што ги повикал Бог да ја изградуваат неговата црква со збор и со наука е мошне одговорна. Нивна должност е наместо Христа да ги повикуваат луѓето да се помират со Бога и тие својата должност можат верно да ја исполнат само ако мудрост и сила примаат озгора“. – *Делата на апостолите, 360.*

**б. Како можат Христовите пратеници да бидат успешни во својата мисија? Дела 1:8.**

„Зошто ние не почувствуваме поголем глад и жед за дарот - за Духот - кога Тој претставува средство со кое примаме сила? Зошто не зборуваме за тој дар, зошто не го бараме во нашите молитви? Зошто не држиме проповед за тоа? На оние што му служат, Господ со поголемо задоволство им го дава Светиот Дух како дар отколку родителите што им даваат добри дарови на своите деца. Секој работник сесрдно нека му упатува молитви на Бога за секојдневно крштавање со Духот. Христијанските работници треба да имаат посебни собири на кои ќе се молат за помош и за небесна мудрост за да можат мудро да поставуваат планови и да ги извршуваат. Особено треба да се молат на Бога Бог своите избрани пратеници во мисионерските полиња изобилно да ги крсти и да ги облагороди со својот Дух. Присуството на Духот ќе помогне Божјите работници при проповедањето на вистината да добиваат сила која не можат да им ја дадат никакви почести ниту славата на овој свет“. – *Делата на апостолите, 50.*

Петок 24. јуни

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Што треба да имам на ум за мислите и постапки што ги правам?**
2. **Како, кога и зошто треба сериозно да барам Бог да ме прифати?**
3. **Што се случува со мисловниот процес кај новородениот верник?**
4. **Што станува моја должност, откако сум се помирил со Бога?**
5. **Како Христови пратеници, за што треба секој од нас горливо да се моли?**

# БОГОСЛУЖБА ВО СЕМЕЈСТВОТО

## Април - 2022.

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Петок | Пс. 132:13-18. | Сонцето заоѓа во 18 58 | |
| 2. | Сабота | Пс. 137:1-5. | Сонцето заоѓа во 18 59 | |
| 3. | Недела | Дан. 12:1-3. | 9 Свед. 228. | Ис. 58:1-4. |
| 4. | Понеделник | Откр. 22:14-20. | 9 Свед. 229. | Ис. 58:8-11. |
| 5. | Вторник | Откр. 20:11,12. | 9 Свед. 230. | Ис. 59:1-4. |
| 6. | Среда | Откр. 21:1-4. | 9 Свед. 231. | Ис. 59:14-16. |
| 7. | Четврток | Откр. 21:9-11. | 9 Свед. 232. | Ис. 59:17-21. |
| 8. | Петок | Откр. 16:6-9. | Сонцето заоѓа во 19 06 | |
| 9. | Сабота | Псалм 136:1-9. | Сонцето заоѓа во 19 07 | |
| 10. | Недела | Откр. 15:2-4. | 9 Свед. 233. | Езек. 7:25-27. |
| 11. | Понеделник | Откр. 14:1-5. | 9 Свед. 234. | Ис. 61:1-3. |
| 12. | Вторник | Исаија 11:6-9. | 9 Свед. 235. | Ис. 61:5-7. |
| 13. | Среда | Ис. 66:22,23. | 9 Свед. 236. | Ис. 61:9-11. |
| 14. | Четврток | Откр. 7:1-4. | 9 Свед. 237. | Ис. 62:1-4. |
| 15. | Петок | Исаија 8:16. | Сонцето заоѓа во 19 14 | |
| 16. | Сабота | Псалм 133. | Сонцето заоѓа во 19 15 | |
| 17. | Недела | Откр. 11:18,19. | 9 Свед. 238. | Ис. 63:1-4. |
| 18. | Понеделник | Езек. 9:1,2. | 9 Свед. 239. | Ис. 63:5-8. |
| 19. | Вторник | Езек. 9:5,6. | 9 Свед. 240. | Ис. 63:9-13. |
| 20. | Среда | Дела 2:36-40. | 9 Свед. 241. | Ис. 39:14-17. |
| 21. | Четврток | Дела 2:41-47. | 9 Свед. 242. | Ис. 64:1-4. |
| 22. | Петок | Дела 3:1-6. | Сонцето заоѓа во 19 21 | |
| 23. | Сабота | Пс. 132:1-10. | Сонцето заоѓа во 19 22 | |
| 24. | Недела | Дела 3:7-11. | 9 Свед. 243. | Ис. 65:8,9. |
| 25. | Понеделник | Дела 3:12-16. | 9 Свед. 244. | Ис. 65:16-18. |
| 26. | Вторник | Дела 3:17-21. | 9 Свед. 245. | Ис. 65:21-25. |
| 27. | Среда | Дела 3:22-26. | 9 Свед. 246. | Ис. 66:1,2. |
| 28. | Четврток | Дела 4:1-4. | 9 Свед. 247. | Ис. 66:4,5. |
| 29. | Петок | Дела 4:5-10. | Сонцето заоѓа во 19 29 | |
| 30. | Сабота | Пс. 132:13-18. | Сонцето заоѓа во 19 30 | |

# Мај - 2022.

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Недела | Дела 4:11-16. | 9 Свед. 248. | Ерем. 1:17-19. |
| 2. | Понеделник | Дела 4:17-21. | 9 Свед. 249. | Ерем. 2:2,3. |
| 3. | Вторник | Дела 4:22-29. | 9 Свед. 250. | Ерем. 2:5-7. |
| 4. | Среда | Дела 4:30,31. | 9 Свед. 251. | Ерем. 3:12-14. |
| 5. | Четврток | Дела 5:12-16. | 9 Свед. 252. | Ерем. 3:17-19. |
| 6. | Петок | Дела 5:17-23. | Сонцето заоѓа во 19 37 | |
| 7. | Сабота | Пс. 130. | Сонцето заоѓа во 19 38 | |
| 8. | Недела | Дела 5:24-28. | 9 Свед. 253. | Ерем. 3:22-25. |
| 9. | Понеделник | Дела 5:29-32. | 9 Свед. 254. | Ерем. 4:1-4. |
| 10. | Вторник | Дела 5:33-42. | 9 Свед. 255. | Ерем. 4:5,6. |
| 11. | Среда | Дела 6:7-15. | 9 Свед. 256. | Ерем. 4:23-26. |
| 12. | Четврток | Дела 7:1-5. | 9 Свед. 257. | Ерем. 5:1-4. |
| 13. | Петок | Дела 7:17-23. | Сонцето заоѓа во 19 44 | |
| 14. | Сабота | Пс. 127. | Сонцето заоѓа во 19 45 | |
| 15. | Недела | Дела 7:30-34. | 9 Свед. 258. | Ерем. 5:14,15. |
| 16. | Понеделник | Дела 7:48-53. | 9 Свед. 259. | Ерем. 5:17-21. |
| 17. | Вторник | Дела 7:55-60. | 9 Свед. 260. | Ерем. 5:22-24. |
| 18. | Среда | Дела 8:1-5. | 9 Свед. 261. | Ерем. 6:9-12. |
| 19. | Четврток | Дела 8:19-24. | 9 Свед. 262. | Ерем. 6:13-17. |
| 20. | Петок | Дела 8:26-31. | Сонцето заоѓа во 19 51 | |
| 21. | Сабота | Пс. 126. | Сонцето заоѓа во 19 52 | |
| 22. | Недела | Дела 8:32-39. | 9 Свед. 263. | Ерем. 6:18,19. |
| 23. | Понеделник | Дела 9:1-6. | 9 Свед. 264. | Ерем. 7:1-4. |
| 24. | Вторник | Дела 9:10-16. | 9 Свед. 265. | Ерем. 7:5-7. |
| 25. | Среда | Дела 9:17-22. | 9 Свед. 266. | Ерем. 7:16-20. |
| 26. | Четврток | Дела 9:23-27. | 9 Свед. 267. | Ерем. 7:24-27. |
| 27. | Петок | Дела 9:32-35. | Сонцето заоѓа во 19 58 | |
| 28. | Сабота | Пс. 125. | Сонцето заоѓа во 19 59 | |
| 29. | Недела | Дела 9:36-42. | 9 Свед. 268. | Ерем. 7:28-30. |
| 30. | Понеделник | Дела 10:1-4. | 9 Свед. 269. | Ерем. 7:31-34. |
| 31. | Вторник | Дела 10:5-8. | 9 Свед. 270. | Ерем. 1:6-10. |

# Јуни – 2022.

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Среда | Пс. 124. | 9 Свед. 271. | Ерем. 8:1-3. |
| 2. | Четврток | Дела 10:22-29. | 9 Свед. 272. | Ерем. 8:19-22. |
| 3. | Петок | Дела 10:30-33. | Сонцето заоѓа во 20 03 | |
| 4. | Сабота | Пс. 123. | Сонцето заоѓа во 20 04 | |
| 5. | Недела | Дела 10:34-38. | 9 Свед. 273. | Ерем. 9:1-3. |
| 6. | Понеделник | Дела 10:39-43. | 9 Свед. 274. | Ерем. 9:4-9. |
| 7. | Вторник | Дела 10:44-48. | 9 Свед. 275. | Ерем. 9:12-14. |
| 8. | Среда | Дела 12:1-5. | 9 Свед. 276. | Ерем. 9:22-24. |
| 9. | Четврток | Дела 12:6-9. | 9 Свед. 277. | Ерем. 10:10-12. |
| 10. | Петок | Дела 12:10,11. | Сонцето заоѓа во 20 08 | |
| 11. | Сабота | Пс. 122. | Сонцето заоѓа во 20 08 | |
| 12. | Недела | Дела 13:1-3. | 9 Свед. 278. | Ерем. 10:13-16. |
| 13. | Понеделник | Дела 13:45-48. | 9 Свед. 279. | Ерем. 10:23-25. |
| 14. | Вторник | Дела 14:8-12. | 9 Свед. 280. | Ерем. 11:1-5. |
| 15. | Среда | Дела 14:14,15. | 9 Свед. 281. | Ерем. 11:11-14. |
| 16. | Четврток | Дела 14:19-22. | 9 Свед. 282. | Ерем. 12:1-3. |
| 17. | Петок | Дела 16:16-18. | Сонцето заоѓа во 20 11 | |
| 18. | Сабота | Пс. 121. | Сонцето заоѓа во 20 11 | |
| 19. | Недела | Дела 17:5-8. | 9 Свед. 283. | Ерем. 12:4-6. |
| 20. | Понеделник | Дела 17:16-20. | 9 Свед. 284. | Ерем. 13:20-23. |
| 21. | Вторник | Дела 17:22-28. | 9 Свед. 285. | Ерем. 14:8,9. |
| 22. | Среда | Дела 17:29-31. | 9 Свед. 286. | Ерем. 14:11-14. |
| 23. | Четврток | Дела 18:9-16. | 9 Свед. 287. | Ерем. 14:19-22. |
| 24. | Петок | Дела 19:9-12. | Сонцето заоѓа во 20 12 | |
| 25. | Сабота | Пс. 120. | Сонцето заоѓа во 20 13 | |
| 26. | Недела | Дела 20:28-30. | 9 Свед. 288. | Ерем. 15:1-4. |
| 27. | Понеделник | Дела 22:1-7. | 9 Свед. 289. | Ерем. 15:15,16. |
| 28. | Вторник | Дела 22:8-11. | 9 Свед. 290. | Ерем. 15:19,20. |
| 29. | Среда | Дела 22:12-16. | 9 Свед. 291. | Ерем. 16:5-8. |
| 30. | Четврток | Дела 23:1-5. | 9 Свед. 292. | Ерем. 16:9-12. |

# Доброволен дар во првата сабота




**2. април**
Дар во првата сабота за централата на Чилеанската унија
(страна 4)

**7. мај**
Дар во првата сабота за Мисиите во светот
(страна 30)





**4. јуни**
Дар во првата сабота за мисионерската школа во Руанда
(страна 51)